УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

# ПОПУЛИЗМОТ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА

- Магистерски труд -

Ментор
Проф. д-р Коле Јовановски

Кандидат
Соња Исмаил

Скопје, 2013 година

## СОДРЖИНА


**Вовед** ..... 3

**I. Популизмот и современото општество** ..... 6

1. Популизмот како идеологија и како метод на политичка борба ..... 7
2. Суштествените концептуални разлики меѓу идеолошките принципи на демократијата и популизмот ..... 21

**II. Мултикултурализам, современа филозофско-политиколошка парадигма** ..... 33

1. Мултикултурализмот како филозофско-антрополошко-политиколошка концепција ..... 35
2. Мултикултурализмот и заштитата на малцинските општествени групи ..... 47
3. Мултикултурализмот и политиколошката концепција на рамноправноста ..... 51

**III. Популистичките политички партии во демократските европски држави кон крајот на XX и во почетокот на XXI век и нивниот однос кон мултикултурализмот** ..... 60

1. Идеолошките позиции и политичката тактика на современите популистички партии ..... 61
2. Базичните политички карактеристики на современите популистичките политички партии во демократските европски држави ..... 67

**Заклучок** ..... 97

**Литература** ..... 100

# ВОВЕД

Современиот цивилизациски миг пред човештвото исправа две големи филозофски, политиколошки и политички прашања, тоа се прашањата на мултикултурализмот и демократијата. Притоа самиот развиток на демократијата сериозно е загрозен од зајакнувањето на псевдо-демократските политички движења и феномени, од кои највлитален феномен кој најдинамично се развива и прилагодува на современите општествени текови, феномен кој навидум го загрозува опстојувањето на демократското општество какво што го познаваме е популизмот. Голем е бројот на политички аналитичари кои во популизмот идентификуваат не само политичка форма, туку и стратегија, која што на краток рок, користејќи се со емотивни манипулации се обидува да мобилизира што поголем број на приврзаници. Популизмот апелира на емоциите и го потиснува рационалното.

При тоа најчесто се користат нереални, но прилично популарни ветувања, поради што некои од аналитичарите во ваквите реторики и политички стратегии препознаваат опортунизам. Популизмот ги поставува вистинските прашања и секогаш ги има погрешните одговори.

Популизмот неретко се нарекува и псевдо-идеологија поради тоа што е фундиран на вредности кои што го прават инструмент за освојување на власта. Затоа се вели дека популизмот го кажува она што толпата сака да го чуе, па оттаму и неговата придавка, идеологија на толпата.

Она на што популизмот претендира не е краткорочна популарност, туку тој се стреми да се етаблира и остане трајно во политиката, а за исполнување на таа цел неретко прибегнува и кон курсот на конфликт.

Популистите многу често ја претвораат демократијата во нејзината сопствена спротивност. Стремејќи се да ги оствари целите и да ја овоплоти суштината кои произлегуваат од органското единство на определената општествена група, популизмот зазема остар и нетолерантен став кон сите реални или потенцијални фактори кои би можеле да го загрозат остварувањето на поставените цели. Така, во фокусот на сечилото на популизмот се наоѓаат луѓе со поинакви политички и идеолошки убедувања, припадници на други етнички и верски заедници, припадници на други класи во општеството. Затоа некои од главните карактеристики на популизмот се национализмот, омразата и недовербата кон странците и непочитување на принципот на еднаквост.

Националната кохезија или единството на која што толку инсистираат политичарите популисти е еден од главните аспекти на инструментализацијата на општеството. Оваа инструментализација за спроведување на сопствените политики и цели се остварува со користење на медиумски кампањи и сите други легални алатки на општеството. Целна група на популистите, по правило се оние слоеви на општеството кои се на маргините на курентниот економски и политички систем. Со освојувањето на власта, први на ударот на политичарите популисти се медиумите и судството, а по преземањето на целосната контрола врз нив започнува поделбата на политичкиот и другиот плен.

Популизмот се манифестира на најразлични начини. Последните години, присутен е трендот на кампањи на популистичките партии, во кои како императив се фаворизира една тема. Темите се најразлични и тие се движат од религија до политички афери, од теми за животниот стандард до прашања поврзани со наталитетот и секако темите за миграција и емиграција. При наметнувањето на темите од миграционата политика во фокусот на вниманието на јавноста, популистичката реторика не штеди при истакнувањето на

„културните разлики" меѓу оние што доаѓаат или оние што можеби ќе дојдат и домицилното население. Па така, политичарите популисти своите политики ги ставаат надвор од рамките на загарантираните права и слободи и законските регулативи според кои сите луѓе се исти, слободни и еднакви, без разлика на нивната боја на кожа или убедувања, а стимулираат политики кои се сегрегаторски и исклучувачки. Трендот на пораст на популистичките, анти-мултикултуралистички, радикални политички партии, организации, движења во Европа е особено забележителен во последните десетина години.

# I. ПОПУЛИЗМОТ И СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Во рамките на современата филозофско-политиколошка мисла не постои една, единствена, општоприфатена дефиниција на поимот „популизам". Популизмот може да претставува идеологија, политичка доктрина, и пропагандна алатка на политичкиот маркетинг, може да претставува вид на филозофско-политичка концепција, политичка реторика или политичко делување кое во основа на своето поимање на светот, општеството и политиката ја има концепцијата за органско единство на припадниците на еден етникум или припадниците на определена религија, раса или на припадниците на одредена општествена група, при што се нагласува дека органското единство е втемелено врз заедничката историја, судбина, иднина, цел и суштина на постоењето. Во современата филозофско-политиколошка мисла доминираат концепциите кои се критички насочени кон популизмот како политички и социјален феномен. Терминот „популизам" во современата светска политикологија и политика најчесто се користи за да се означи целесообразна политичка стратегија или алатка за полесно освојување на власта, при што популизмот е втетемелен на разработен политички дискурс чијшто автор или застапник, однапред знае дека промовираните заложби не би можеле да се преточат во политичка реалност. Популизмот најчесто наоѓа плодна почва во време на општествено-економски кризи низ кои минува определена држава, нација или општествена група. Популизмот како политичка идеологија е пак многу повеќе од политички стил или алатка на некој политички дискурс. Тој претставува облик на политички

втемелен светоглед кој тежнее кон сеопшта политичка мобилизација, и кој за остварување на своите цели промовира и застапува радикални идеолошки политички ставови.

## 1. Популизмот како идеологија и како метод на политичка борба

Кон крајот на XX век и на почетокот на XXI век популизмот станува сè поприсутен и сè повлијателен политички чинител во Европа, што е и разбирливо со оглед на специфичниот и извонредно динамичниот историски контекст. Влијателниот политиколог и филозоф на политиката, професор по Политички науки на престижнот Технолошки универзитет во Дортмунд (Technische Universität Dortmund, Nordrhein-Westfalen, Deutschland) Томас Мајер (Thomas Meyer) во своето дело „Медиумска демократија: како медиумите ја колонизираа политиката“ („Media Democracy: How the Media Colonize Politics“) зборува за неколку базични обележја на новиот европски популизам[1], и тоа, политичка мобилизација на пониските социјални слоеви, поточно, оние чија што позиција на пазарот на трудот е ниска и загрозена заради дефицитот на образование; поттикнување на свест за акутна опасност и загрозеност преку која што се артикулира незадоволството и протестното движење кое за своја цел има мобилизација на следбениците и поддржувачите; критика на етаблираната политичка елита и на институциите на претставничката демократија; банализирање на политичката реалност со воведување на црно-бели матрици на перцепција на политичката реалност и поттикнување на со силни чуства обременета шема на перцепција на спротивните или спротивставените општествени и политички полови како што се народ-елита, татковина-моќни меѓународни фактори, пријател-непријател и слично, со што се доаѓа до целосно разградување на објективниот политички дискурс и тој бидува заменет

[1] види поопширно: Thomas Meyer: *Media Democracy: How the Media Colonize Politics,* Polity Press, Cambridge, 2002.

со реторика на етикетирање, обвинувања, препознавање и продукција на политички неистомисленици.

Популизмот реагира на постоечки или перцепирани дефицити и слабости на либералната демократија и нуди решенија „во име на народот”, „во име на малиот човек” или „во име на здравиот разум”. Скоро секогаш станува збор за партија или организација која се потпира на авторитетот и популарноста на еден харизматичен политички лидер. Тој умешно и непосредно го артикулира гласот на народот, при што вешто ги заобиколува ограничувањата кои се испречуваат на патот на остварувањето на слободната волја на народот, како што се: политичката коректност, поделбата на власта или институциите чие што непречено функционирање е загарантирано со уставот на одредена земја.

Според концепциите промовирани во делото „Политиката и незадоволството: Антиисемитизмот и антикосмополитизмот во Европската унија“ („Politics and Resentment: Antisemitism and Counter-Cosmopolitanism in the European Union“) од Ларс Ренсман (Lars Rensmann), политиколог и професор по Политички науки на американскиот Универзитет Џон Кабот во Рим (John Cabot University, Rome, Italy) и долгогодишниот професор на Државниот универзитет во Мичиген (University of Michigan, Ann Arbor, Michigan, United States) и од познатиот германски политиколог и историчар директорот на Мозес Менделсон центарот за европско-еврејски студии (Moses Mendelssohn Zentrum für europäisch-jüdische Studien) Јулиус Шоепс (Julius Schoeps) при универзитетот во Потсдам (Universität Potsdam), Бранденбург, Германија (Brandenburg, Deutschland), постојат вертикална и хоризонтална димензија на популистичката идеологија и тие се дефинираат во однос на тоа што популистите препознаваат како пречка во остварувањето на своите цели или „волјата на народот”. Во вертикалната димензија на популистичката идеологија фокусот е ставен на општествениот и политичкиот плурализам, либерализмот, елитите, малцинствата, општествениот естаблишмент и сите други фактори кои што можат да ја девалвираат и деградираат волјата на народот и претставуваат

непосредна закана за неговата хомогеност. Хоризонталната димензија на популистичката идеологија пак, е свртена кон надворешните фактори како што се: Европската Унија, глобализацијата, емигрантите, САД, социјалниот протекционизам, странските инвестиции и др.

Современите демократии и диверзитетот на популистичките феномени кои што се среќаваат кај нив нè наведуваат на заклучок дека станува збор за една незаобиколива и неизбежна појава, но во исто време е неизбежно да се констатира дека таа е симптом на дефицитот на либералната демократија. Популизмот претставува закана за демократијата заради тоа што создава поларизација во општеството, ги стигматизира политичките противници, поттикнува нетолеранција, ги поткопува институциите и често нуди псевдо-решенија за комплексните општествени проблеми, со што може лесно да го однесе општеството во авторитарност. И покрај честите забелешки дека популизмот е недоволно јасен термин, повеќето студии за популизмот посветуваат малку внимание на неговото дефинирање. Не постои базична општо прифатена научно-политиколошка парадигма во дефинирањето на популизмот како политички феномен, па така политичките партии често се третирани како популистички според општиот впечаток кој го оставаат. Теоретичарите се многу посогласни кои партии од постојниот политички спектар во Европа можат да бидат определени како популистички, отколку околу прашањето што е тоа што ги прави популистички. Така современата политиколошка мисла запаѓа во исклучително сложена ситуација во која набљудувачите на политиката и политичките процеси знаат точно кого да прогласат за популистички, но политиколозите не можат прецизно да го дефинираат популизмот како општествено-политички феномен.

Со цел да се изгради сериозна издржана научна филозофско-политиколошка концепција за основните принципи врз кои е втемелен популизмот како општествено-политички феномен потребно е да се прави разлика меѓу различните пристапи на концепцијата. Основната дистинкција која

што треба да се направи е онаа помеѓу разбирањето на популизмот како политичка тактика или стратегија наспроти популизмот како идеологија.

Познатиот политиколог и професор на Универзитетот од Сасекс (University of Sussex, Falmer, East Sussex, England) Пол Тагарт (Paul A. Taggart) во своето дело „Популизам“ („Populism“) истакнува дека популистичкиот стил во политиката може да се спореди со принципите на однесувањето на некоја личност која што едноставно сака да биде популарна, сакана, да има обожаватели и следбеници, или се обидува нејзината порака да допре до широките народни слоеви.[2] Оваа тактика на привлекување на широка изборна клиентела е тесно поврзана со тактиката на некои партии „улови ги сите”, која не мора нужно да биде популистичка. Ваква концептуализација на популизмот како стратегија е препознатлива кај познатиот белгиски научник-истражувач од областите на политикологијата и масовните медии, соработник на Универзитетот Еразмус од Брисел (Erasmushogeschool Brussel, België), и журналист Јан Јегерс (Jan Jagers) и кај фламанскиот политиколог, професор по политиколошки науки на Универзитетот Антверпен (Universiteit Antwerpen, België) Стефан Валграв (Stefaan Walgrave). Во нивниот пристап, најбитниот елемент за дефинирање на популизмот е „повикот до народот“, со што популистичките партии се идентификуваат и се легитимираат себеси. При анализа на телевизиските настапи на некои политички партии, Јегерс и Валграв заклучуваат дека постојат значителни разлики меѓу политичките стилови на комуникација на популистичката партија Фламански Блок (Vlaams Blok) и други непопулистички политички партии. Нивна основна теза е втемелена врз идејата дека постојат суштествени разлики во дискурсот меѓу популистичките и непопулистичките политички партии. Притоа популистичките партии во рамките на конципирањето на својата реторика инсистираат на потенцирањето на ставовите и фактите што луѓето сакаат да ги чујат со цел да се поедностават политичките прашања и да се здобијат со политички поени и со политичка

---

[2] Paul A. Taggart: *Populism,* Open University Press, Buckingham, 2000, p. 4.

популарност. Но, и непопулистичките демократски политички партии не ретко искажуваат ставови и факти зад кои не стојат во целост, но веруваат дека можат позитивно да влијаат врз нивната популарност и врз нивниот политички рејтинг. Според тоа може да се претпостави дека сите политички партии можат да бидат окарактеризирани како популистички, но со цел да се избегне оваа теоретска стапица потребно е да се направи разлика меѓу популизам и општите обиди да се добие широк спектар на поддршка, што е од суштинско значење за разбирањето на демократските процеси и политичката реторика во демократските општества. Согласно современото политиколошко учење на професорот на Универзитетот од Сасекс Пол Тагарт популизмот претставува епизоден во основа неконструктивен политички феномен[3]. Тагарт негира дека популизмот би можел да има супстанцијални карактеристики и го третира единствено како пропагандна алатка во политиката. Слично на тоа, влијателниот социолог и политиколог Едвард Шилс (Edward Shils), дологогодишниот професор на Универзитетот во Чикаго (University of Chicago) во Чикаго, Илиноис, САД (Chicago, Illinois, USA) тврди дека популизмот се карактеризира со базично опозиционерски ставови[4]. Дефинирањето на популизмот само како политичка тактика, стил на комуникација или како анти-политички и опозициски став ја промашува суштината на популизмот. Доколку популизмот се анализира како идеологија, можат да се разликуваат неколку составни елементи кои чинат целина и кои произлегуваат од круцијалната цел: да се инјектира волјата на суверениот народ директно во демократскиот процес на донесување одлуки. Исклучително методолошки и аналитички коректно е согледувањето на соработникот на Институтот за социјални и политички истражувања (Instituut voor Sociaal en Politiek Opinieonderzoe) при Католичкиот универзитет во Левен, Белгија (Katholieke Universiteit Leuven, België), социологот и политикологот Коен Абтс (Koen Abts) кој смета дека на популизмот не му е иманентно суштествено и конкретно идеолошко јадро, туку

[3] Paul A. Taggart: *Populism,* Open University Press, Buckingham, 2000, pp. 5.
[4] види поопширно: Paul A. Taggart: *Populism,* Open University Press, Buckingham, 2000, pp. 14.

дека во рамките на политиколошката, филозофската и социолошката мисла терминот „популизам" всушност е сведен и редуциран во чисто реторички инструмент, потенцијално поврзан со некој идеолошки проект, или политичка реторика.

Во општа смисла поимот „идеологија" може да се дефинира како кохерентен збир на идеи со што се обезбедува основа за организирана политичка акција наменета за зачувување, менување или уривање на постоечкиот систем на односи на моќ[5], истакнува Ендру Хејвуд (Andrew Heywood) плоден автор од областа на политикологијата, раководител на испитните комисии при една од највлијателните институции од областа на образовната евалвација на знаењата Едексел (Edexcel) при светскиот магнат во областа на културата и образованието Персон Едукејшен (Pearson Education) и долгогодишен член на управата на Опрингтон Колеџот (Orpington College, London, England) и на Кројдон Колеџот (Croydon College, London, England). Хејвуд всушност ја презема, цитира и дообјаснува концепцијата на филозофот Мартин Селицер (Martin Seliger).[6] Идеологиите претставуваат целесообразна есенција на политички, филозофски и социолошки размисли, планови и концепции за постигнување определена политичка или цивилизациска цел. Тие претставуваат основа за обмислување модуси за развој на сложените општествени состојби од почетната т.е. дадена сегашната ситуација низ целесообразно менаџирање на општествено-политичките тенденции и текови до посакуваната општествена реалност. Согласно тоа популизмот претставува вид политичка идеологија која е критички настроена кон актуелниот либерален демократско-плуралистички општествено-политички поредок, но воедно и идеологија која се обидува да конципира алтернативни решенија за реконструирање на општествено-политичката реалност и истражува начини за да се стигне до потенцијално посакуваното или дури до идеалното општествено

---

[5] Andrew Heywood: *Politics,* Palgrave, 2002, pp. 43.

[6] поопширно види: Martin Seliger: *Ideology and Politics,* Free Press, New York, 1976; и Martin Seliger: *The liberal politics of John Locke,* Allen & Unwin, London, 1968.

уредување. Додека критиката и одбивањето на тековните владини политики се образложение на секоја опозициска партија, популистичките партии имаат развиено уникатен сет на аргументи со кои ги оправдуваат дефектите и лошото функционирање на претставничката демократија и владејачката класа. Во традиционалниот демократски политички натпревар либералните партии и политичарите меѓусебно се однесуваат со должна почит како коректни или помалку коректни противкандидати, но со недоверба, потценување и непријателство се однесуваат кон популистичките партии и кандидати. Демократијата како политичка концепција и како општествено уредување се препознава според нејзината организациона форма. Популистите ги нагласуваат актуелните разидувања меѓу демократијата како идеал и демократијата како пракса. Популистите ги критикуваат посредничките организации кои стојат на патот на вистината и директниот и некорумпиран израз на волјата на народот. Популизмот не е анти-политички феномен, но ги отфрла политичките концепции на доминантните непопулистички политички чинители и на доминантната политичката елита. Популизмот не тежнее кон отфрлање и критика на сите атрибути на актуелниот општествено-политички поредок. Популистичките партии не предлагаат кохерентна и сеопфатна алтернатива за политичко-економската организација на општеството, како што тоа порано го правеле радикално левите политички партии. Она што популистите жестоко го напаѓаат е начинот на кој што е организирана претставничката демократија, како и елитата која што ги исползува и злоупотребува слабостите на актуелниот општествено-политички систем. Популистите не ја отфрлаат во целост претставничката демократија, што е и разбирливо, со оглед на тоа што и тие самите функционираат во нејзините рамки. Нивното несогласување со претставничката демократија е насочено кон критика на политичките елити и нивното девијантно тежнеење кон олигархиските принципи на управување, кои водат кон бесправно воспоставување на хибриден општествено-политички систем кој би можел да се нарече елитистичка-демократијата. Според нив,

политичките претставници во претставничката демократија не го застапуваат народот, туку се застапници на сопствените интереси.

Демократијата и начинот на кој таа функционира се нападнати од популистичките партии и движења во името на демократијата, како идеал. Популизмот е израз на незадоволството од постоечките модуси на организација на политичките елити и политичкиот системот на претставничката демократија. Ова незадоволство е изразено преку типичен речник и дискурс. Популистичката критика на претставничката демократија се фокусира кон партиите кои согласно концепциите што им се иманентни се прилагодени кон претставничките демократии.

Популистите покрај ставот против владечката политичка елита, исто така, формулираат и критика против другите политички посреднички организации како што се синдикатите, администрацијата и медиумите, кои согласно реториката на популистичките партии и движења го попречуваат слободното изразување на волјата на народот. Тие едноставно стојат на патот на директниот линк меѓу луѓето и нивниот единствен, вистински политички лидер. За популистите, ова е само начин за легитимизирање на одредена политичка акција. Согласно концепциската рамка на популистичките идеологии, политичката власт треба да биде сведена, односно потчинета на општата волја, сфатена во согласност со концепцијата на Жан-Жак Русо,[7] при шти Русо истакнува „Тврдам дека врховната државна власт, не може никогаш да се отуѓи и дека главата на државата, која е само едно колективно суштество, може да биде претставена само од самата себа; власта може да се пренесе, но не и волјата“.[8] Демократијата бара политичките одлуки да се направени под целосна контрола на народот и таа треба да биде вокација на волјата на народот. Ова сфаќање со себе носи определена претстава за органското единство на народот,

---

[7] види: Жан Жак Русо: Општествениот договор или начела на државното право, Мисла и др., Скопје, 1978, стр. 33-34.

[8] Жан Жак Русо: Општествениот договор или начела на државното право, Мисла и др., Скопје, 1978, стр. 33.

при што народот се разбира како во себе целесообразно функционално суштество.

Базичната конфронтација и судир на интересите во рамките на едно општество според популистите е меѓу владеачките политичко-економски елити и сиромашните политичко-општествено невлијателни и немоќни граѓани. Сосема е очекувано во овој конфликт, популистите да ја одберат страната на сиромашните и страдалниците. Во очите на популистите, етаблираните елити ја злоупотребуваат претставничката демократија и токму популистите се претставуваат како политички чинител кои демократијата ќе им ја вратат на граѓаните. Граѓаните според перцепцијата на популистите се униформирани во своите ставови и желби. Согласно базичните ставови на популистичките партии и движења органското единство на народот претставува суштествен факт кој нужно стои спротиставен кон принципите на претставничката демократија. Популистите препознаваат две линии на базична политичка конфронтација, и тоа меѓу народот и политичката елита, како и меѓу политичката елита и популистичкиот лидер (водачот како врвен авторитет од кој блика и кој ја артикулира општата волја на народот) истакнува Андреас Шедлер (Andreas Schedler) австриско-мексикански политиколог и професор на реномираната високообразовно и научно-истражувачка институција Центар за економски истражувања и студии (Centro de Investigación y Docencia Económicas, Santa Fe - Distrito Federal, México).[9] За популистите разликите меѓу традиционалната непопулистичка опозицијата и непопулистичката власт се безначајни. За популистите, владејачката традиционална политичка елита, без разлика дали определена партија е во владата или не партиципира во власта сепак делува во рамките на истиот корумпиран институционален механизам.

Популистите пропагираат директни форми на демократија, референдуми, консултации со народот и директен избор на функционери. Со воведување на

[9] види поопширно: Andreas Schedler: *Anti-Political-Establishment Parties,* Party Politics 2.3, 1996, pp. 291-312.

механизмите на директната демократија ќе се возобнови моќта на суверената општа волјата на народот.

Популизмот како идеологија, претставува концептуален елемент на голем број современи демократски, декларативно демократски, навидум демократски или квази-демократски (псевдо-демократски) партии, при што постојат определени индикатори кои овозможуваат да се процени стапката на популистичките идеолошки елементи во партиските програми, партиската реторика и партиското делување. Популистите секогаш зборуваат во име на „народот”, односно на обичните луѓе (кои ги именуваат со зборот „народ“) или во името на просечниот (обичниот) човек. Популистите секогаш тврдат дека го претставуваат и застапуваат народот, односно обичниот човек. Во рамките на своите програми популистите вклучуваат предлози за тоа како да се создаде директна врска помеѓу „народот“ и носителите на власта, при што нивните програми содржат ставови против „однародената“ елита. На овој начин можат да се изолираат партиите, кои само предлагаат инструменти за директна демократија или оние кои се едноставно партии кои се следбеници на популистичката идеологија.

Согласно ставовите и концепциите на идеологијата на популизмот „народот“ се дефинира како органски, монолитен ентитет. За популистите народот е неделив, но исто така е себеспознаен, суверен и самодоволен ентитет. Популистичките партии и движења обвинуваат дека елитата го дели народот и дејствува само во интерес на сепаратните интересни групи на штета на јавното добро. Популистите народот го сфаќаат како монолитен ентитет без внатрешни поделби и конфронтации, ентитет со една волја и со еден доминантен заеднички интерес, ентитет кој има потреба да биде заштитен од актуелните економско-политички елити.

За популистичката идеологија е карактеристична концепцијата и силната верба во надмоќта на волјата на народот врз неправдината и угнетувањето од страна на однародените, алчни и бескрупулозни елити како легитимизацијата на

донесувањето одлуки во името на народот од страна на најтесното партиско раководство на популистичката партија, при што партијата и нејзиното раководство се сметаат за вистински, несомнени застапници и бранители на народот. Патот до таа ситуација од идеален тип се состои од директната врска меѓу народот и оние што се на власт. Решението на проблемот на демократијата што е дијагностициран од популистите е укинувањето на каква било медијација меѓу граѓанството и владетелите. Овде, најевидентниот индикатор се наоѓа во конкретните предлози за директна демократија како што се обврзувачки референдуми, отповикување и народни иницијативи, народни консултации и директни избори или пак, реформи на изборниот систем.

Популистичите движења се исклучително критички насочени кон актуелните политички елити коишто се регрутирани и се во состојба да опстанат единствено благодарение на посредничките структури и институции. Во популистичкиот ум, овие посреднички институции му штетат на суверенитетот на народот бидејќи ја пресекуваат директната линија меѓу народот и нивните вистински адвокати, односно раководството. Популистичките движења се позиционираат наспроти формализираните структури како што се политичките партии и актуелните политички елити, кои според популистите се единствено одговорни за девијациите на современото општество, како што се непотизмот и корупцијата. Популистичката реторика може да има многу форми, може да биде насочена кон критика на определени институции, политики и политичари, насочена против „системот на традиционалните партии“ или „актуелната политичка елита“.

Затоа таа може да биде концентрирана не само на политичките институции и актери, бидејќи културните елити, медиумите, синдикатите, бирократите и интелектуалците во имагинацијата на популистите се сомнителни за нарушување на директната врска меѓу народот и нивниот лидер. Според англискиот политиколог Маргарет Кенован (Margaret Canovan), професор на Универзитетот Ланкастер (Lancaster University) од Ланкастер,

Англија (Lancaster, Lancashire, England) популистите го насочуваат фокусот на својата политичка критика и кон вредностите на политичките и економските елити кои воедно имаат и големо, дури одлучувачко влијание врз општествено влијателните академските интелектуални кругови. Примарната цел на овие политички заложби е делегитимизирањето на етаблираните политички елити.

Вниманието на политиколошките истражувања во последните години значително е насочено кон популистичкиот концепт на демократијата. Може да се забележи дека академската дебата нема земено во предвид некои важни аспекти на популистичката визија за тоа како треба да биде перцепирана демократијата, при што постои реална потребата од сеопфатна анализа на односот меѓу популизмот и демократијата. Карактеристика на популистичката концепција за демократијата е екстензирањето на сферата на политичкото, оспорувањето на принципот на неутралноста на државата и двојното значење на поимот „еднаквост”.

Современите популистички концепции се движат на оската национализам-антиелитизам. Овие два аспекти се круцијални елементи на современиот популизам како општествено-политички феномен. Пол Тагарт нагласува дека поистоветувањето на популистите со „татковината“ и „народот“ претставува темел на идејната матрица на популизмот, при што токму кон прашањата за честа, правдината, идентитетот и единството е насочен фокусот на политичкото делувањето на популистичките организации.

Во однос на популистичката визија за демократијата, Пол Тагарт тврди дека популизмот го оспорува легитимитетот на институциите на претставничката демократија и и` дава предност на директната демократија. Популизмот е идеологија која смета дека општеството е составено од две базично спротивставени хомогени групи: чесни луѓе, домаќини, кои се грижат за своите семејства, државата и општеството и по пат на посветена работа и врз основа на вложениот труд и грижа ја обезбедуваат егзистенцијата на своето семејство и непосредно придонесуваат за развитокот и благосостојбата на

пошироката општествена заедница, наспроти нив стои корумпираната, криминогената елита која не грижејќи се за интересите и потребите на заедницата, општеството и државата во прв план ги ставаат своите ситни опуртунистички интереси и непосредно влијаат врз деградацијата на општествените структури и институции и свесно ја потикнуваат рапидната и радикална ерозија на моралот, свеста за општествена одговорност и солидарноста меѓу членовите на заедницата. Популистите тврдат дека политиката треба да биде одраз на општата волја на народот.

Во однос на прашањето кои се базичните принципи врз кои треба да се фундира дефинирањето на популизмот, според концепциите[10] на Марк Платнер (Marc F. Plattner) потпретседателот за истражување и студии на Националната фондација за демократија (National Endowment for Democracy) американската непрофитна организација основана во 1983 година со цел на глобално ниво да се промовира демократијата, како општествено уредување, при што Националната фондација за демократија е финансирана од американскиот Конгрес (United States Congress), во рамките на буџетот на Американската агенција за развојна помош (United States Agency for International Development - USAID), која е дел од Стејт Департментот, односно Министерството за надворешни работи на САД (United States Department of State односно State Department), популизмот првенствено го разбира како политичка артикулација на идеолошките концепции кои тежнеат кон културната хомогеност во рамките на функционирањето на современите национални држави. Коен Абтс (Koen Abts) и Стефан Руменс (Stefan Rummens) во нивното дело „Популизмот против демократијата“ („Populism versus Democracy“) тврдат дека популизмот односно популистичките движења можат да преживеат единствено до колку со текот на времето еволуираат кон сè поавторитарни и сè подеспотски облици на артикулација на политичко-идеолошките ставови[11]. Во однос на дефиницијата

---

[10] види: Marc F. Plattner: „Populism, Pluralism and Liberal Democracy“, Journal of Democracy vol. 21 no.1 (2010) 83-90.

[11] поопширно види: Koen Abts - Stefan Rummens: „Populism versus Democracy“, Political Studies vol. 55 no. 2, 2007, pp. 405-424.

на популизмот нивната визија, според Марк Платнер, е пак помалку луцидна. Стефан Руменс и Марк Платнер заклучуваат дека популистичката идеологија има исклучително кревка есенцијална идеолошка нитка во која што народот како хомогена целина зазема одлучувачко место. Слични гледишта застапува Надја Урбинати (Nadia Urbinati), професор на Универзитетот Колумбија од Њујорк, САД (Columbia University, New York, USA), италијански политиколог, авторката на познатото политиколошко дело „Од Атинскиот полис до претставничката власт“ („From the Athenian Polis to Representative Government“) во кое ги потенцира базичните принципи на декократијата и нивното конципирање и нивната генеза низ историјата на развитокот на демократијата.[12] Надја Урбинати го поврзува популизмот со деспотизмот. Урбинати вели дека популизмот се разликува од демократијата во следните аспекти: за популистите дебатата нема суштествена општествено-политичка улога и за нив изборите имаат пред се обредно значење за ритуално потврдувањето на општата волја. Таа шпекулира дека популизмот може да има демократизирачки ефект, но единствено во земји кои што сеуште не се демократски.

Научните политиколошки стручни кругови ги изучуваат демократијата и популизмот како политички и општествени феномени со особено општествено влијание при што современата политиколошка литература, без оглед на нејзината теоретско-истражувачка провениенција не може да се согласи околу дефинирањето на базичните суштествени принципи врз кои се втемелени демократијата и популизмот како општествено-политички феномени. Демократијата е растргната од два потенцијално конфликтни елементи и тоа демократскиот акцент врз народниот суверенитет и либерален акцент на универзалните човекови права.

Политиколозите демократијата често ја перцепираат како монолитен општествено-политички феномен и покрај постоењето на суштествен диверзитет на демократските модели. Па така, често доаѓа до наметнувањето на

[12] види поопширно: Nadia Urbinati: *From the Athenian Polis to Representative Government,* University of

современата концепцијата и моделот на либералната демократија врз концепцијата на демократско уредување. Потребно е во рамките на научните политиколошки истражувања да се прави јасна дистинкција меѓу поимите либерална демократија, либерализам и либерални политички концепции, наспроти поимите демократија и демократско уредување.

## 2. Суштествените концептуални разлики меѓу идеолошките принципи на демократијата и популизмот

Тенденцијата да се изедначува поимот „либерална демократија" со општиот поим „демократија" во стручната политиколошка литературата може да се припише на фактот дека современите политиколошки теории за демократијата делумно се втемелени врз концепциите на прочуениот австриски економист Јозеф Шумпетер (Joseph Schumpeter) долгогодишен професор на Универзитетот Харвард (Harvard University), од Кембриџ, Масачусетс (Cambridge, Massachusetts, USA), автор на прочуеното дело „Капитализам, социјализам и демократија" („Capitalism, Socialism and Democracy"). Во своето дело „Капитализам, социјализам и демократија" Шумпетер изјавува дека не постои такво нешто како општо добро[13] и претпоставува дека демократијата е борба за гласовите на народот, во која индивидуалната слобода треба да биде примарна грижа. Ова елитистичко гледиште исто така може да се најде кај други влијателни теоретичари како што е американскиот политиколог Роберт Дал (Robert A. Dahl) автор на исклучително влијателните дела: „Демократијата и нејзините критичари"[14] („Democracy and Its Critics"), и „Дилемите на плуралистичката демократија: Автономијата наспроти контролата"[15] („Dilemmas of pluralist democracy: Autonomy vs. Control") и делото кое прв пат е

Chicago Press, Chicago, 2002.

[13] поопширно: Joseph A.Schumpeter: *Capitalism, Socialism and Democracy,* Routledge, London, 2012, pp. 250-252

[14] Robert A. Dahl: *Democracy and Its Critics,* Yale University Press, New Haven, 1989.

публикувано во 1961 година „Кој владее? Демократијата и моќта во американски град„[16] („Who Governs?: Democracy and Power in an American City“). Роберт Дал истакува дека согласно иманентните принципи политиколошките концепци кои застапуваат ставови во насока на афирмирање на плуралистичката демократијата всушност ја промовира политократијата.

И покрај фактот дека поимот „демократија“ во рамките на современата политиколошка мисла нема една општо прифатена дефиниција, политичарите настојуваат да изградат политички препознатлив идентитет како поддржувачи и промотори на демократијата и на демократските процеси. Следствено, популистичките партии, како и другите традиционалните граѓански партии, се претставуваат себеси како демократски и настојуваат да ја монополизираат идејата на демократијата со презентирање на нивната „демократска концепција“ како единствена валидна.

Либералната демократија се заснова врз три основни елементи. Прво, од граѓаните во либералната демократија се очекува активно да учествуваат во изборот на власта во нивната општествена заедница. Граѓаните имаат право на избор на претставници кои непосредно ќе ја практицираат власта. Овој претставнички аспект отсекогаш претставувал системско решение кое е ранливо и кое може да биде повод и предмет на напад од страна на популистите и од екстремната десница и од екстремната левица. Втората карактеристика на либералната демократија е неутралноста или безличноста на државата. Конечно, со цел да се гарантира личната слобода политичко-економско-репресивната моќ на власта мора да биде ограничена. Државата е јасно одделена од граѓанското општество.

Непристрасноста на државата е важен столб на либералната демократија. Според либерално демократската теорија, државата или институциите

---

[15] Robert A. Dahl: *Dilemmas of pluralist democracy: Autonomy vs. Control,* Yale University Press, New Haven, 1989.

[16] Robert A. Dahl: *Who Governs?: Democracy and Power in an American City,* Yale University Press, New Haven, 2005.

финансирани од државата, не треба да имаат за цел да изразуваат политички пристрасни пораки. Токму изводливоста на оваа цел е прашањето кое што го поставуваат популистичките партии. Според овие партии, неутралноста на државата моментално не е загарантирана. Оваа криза на демократијата е поврзана со недостатокот на неутралноста на државата, која е пак обвинета за инклинирање кон традиционалните (граѓанските) политички партии. Разликата меѓу елитата и народот се огледува во спротивноста меѓу „старите” и „новите“ политики, вистинската битка е меѓу политичките партии кои го сочинуваат постоечкиот систем и популистичките партии кои сакаат да го реформираат овој систем. Како резултат на тоа, популистите тврдат дека современиот систем не е вистинска народна демократија, туку повеќе претставува псевдо-демократија, притаена олигархија, односно партократија.

Според јавно прокламираните ставови на популистичките партии актуелниот систем оневозможува суштинска конструктивна политичка критика на постојните политички и општествени тенденции. Популистите тврдат дека секоја критика се прогласува за радикално и дестабилизирачко анти-државно делување, па токму поради таквиот, во основна недемократски, пропаганден пристап кон политичката борба од страна на традиционалните либерални политички партии и популистите најчесто се етикетирани за радикални дестабилизирачки политички елементи и покрај тоа што тие тврдат дека само јавно на политичката сцена пласираат легитимни идеолошки ставови. Традиционалните (граѓанските) политички партии на тој начин се обвинети за преголема моќ и за злоупотреба на укажаната доверба на граѓаните. Според популистите, граѓанските политички партии, наводно, станале толку бирократизирани што текот на политичката дебата ја определува економската и институционалната моќ на политичките партии, наместо оригиналноста, креативноста и конструктивноста на промовираните идеи. Меѓутоа, популистичката критика своето сечило и својот гнев го насочува и кон имплементацијата на еден од најпромовираните принципи на либералната демократија, принципот на неутралноста на државата. Според популистите

државните институции не работат потполно самостојно, туку во нивната работа може да се препознае влијанието на доминантните политички субјекти, што не може да се определи како неутралност на државата и на државните институции, бидејќи државните институции кои треба да се стават во служба на граѓаните, всушност се ставаат во служба на политичките партии кои се на власт и ја промовираат нивната политичка и општествена агенда. Согласно наведените ставови популистите отворено сомневајќи се во неутралноста на државните институции, ја застапуваат тезата дека треба да се воведе или поврати демократската контрола на работата и функционирањето на државните институции. Јазот меѓу елитата и народот во политичката арена се рефлектира во работата на правосудниот систем. Правосудството не му служи повеќе на правото и на законите туку пред сè работи во интерес на политичките и економските елити. Според популистите ниту државните медиуми не се вон контрола или непосредно влијание на економските и политичките елити, а пред се под непосредно влијание на политичката агенда на партиите кои се на власт.

Од друга страна популистичките партии и движења покажуваат аспирација да ги неутрализираат државните институции и да воспостават народна контрола на работата на институциите кои се финансирани од државата.

Во либералната демократија, заштитата на индивидуалните права претставува една од примарните цели, од друга страна, почитувањето принципот на еднаквоста, за популистите, пак, претставува средишна точка на нивната идеолошка матрица, принцип кој ги надминува прашањата на антиелитизмот или на поделбите во општеството. Политичката мисла уште од Жан-Жак Русо е преокупирана со прашањето како слободата и еднаквоста можат да се помират во едно демократско општество. Според либералните економисти, како што се британскиот филозоф, припадник на утилитаристичкиот правец Џон Стјуарт Мил (John Stuart Mill) и францускиот политички теоретичар и историчар Алексис де Токвил (Alexis de Tocqueville),

акцентот на еднаквоста во конципирањето на општествениот систем и на државното законодавство може да резултира со намалување на индивидуалните слободи на граѓаните. Иако се очекува дека луѓето попрво би поддржале еднаквост отколку слобода, тие укажуваат на опасностите кои произлегуваат од законските решенија кои се втемелени врз концепцијата согласно која еднаквоста треба да има апсолутна предност над индивидуалните слободи на граѓаните. Либералите тврдат дека индивидуалната слобода треба да биде заштитена за да се сопре израмнување на ефектите од егалитарното општество и постојаната непосредна закана од тиранијата на мнозинството.

Длабоката дистанца помеѓу избраните владеачки структури и граѓаните избирачи во либерална демократија води кон политичка апатија на граѓаните избирачи. Токму оваа политичка апатија е на удар на критиката на популистичките партии, кои ја сметаат за пречка за функционирањето на демократијата. Оваа апатија делумно се припишува на широката институционализација на демократијата и на комплексноста на законската регулатива. Современите либералнодемократски општества исклучително често се карактеризираат со хроничен јаз меѓу политичката елита и граѓаните-избирачи и овој проблем претставува потенцијална основа за подлабока општествено-политичка дисфункционалност. Популистичките партии истакнуваат дека овој јаз меѓу политичката елита и граѓаните-избирачи е намерно и систематски создаден од страна на политичките елити поклоници на либералната демократија. Популистите тврдат дека граѓаните имаат морален императив да учествуваат во политиката, но дека нивното учество е загрозено од елитата. Според популистите јазот меѓу политичката елитата и граѓаните-избирачи мора да се намали, а ова може да се постигне единствено преку подобрување на можностите кои ги имаат граѓаните за контрола на државните функционери. На државните претставници им се доверени определени привилегии кои се сметаат за нормални во либералните демократии, но дадените привилегии се остро критикувани од страна на популистичките парити и здруженија. Популистичката концепција на политичка еднаквост логично ја

промовира идејата за систематска и континуирана контрола на граѓаните на работата на власта односно на начинот на кој избраните претставици ги исполнуват своите обврски. Иако, во политиколошките научни анализи популизмот често се посочува како политичко движење кое пројавува исклучително анти-институционални ставови, популистичкиот егалитаризам и декларативното инсистирање на надминувањето на јазот меѓу елитата и народот, нема нужно анти-институционален карактер. Популистите не инсистираат на вонинституционално спроведување на нивните замисли, но не покажуваат ниту соодветна почит кон општествено-политичките и државните институции карактеристични за либерално демократските општества. Популистите сметаат дека како носители на идејата на општото народно заедништво и чувари и промотори на „општата волја", имаат право на тоталитарна контрола на клучните области и институции на државата, како што се судството и националните медиуми. Всушност според популистичката доктрина, општествените и државните институции треба да бидат ставени на промовирањето на „општата волја" на народот, а имајќи во предвид дека популистичките движења истакнуваат (или навистина во тоа веруваат) дека претставуваат автентични ексклузивни носители и гласноговорници на духот на „општата волја", тогаш токму тие (популистите) имаат право и обврска да воспостават целосна контрола врз работата на општествените и државните институции. Оваа, специфична претстава за институционално-политичката сфера суштествено ги одделува популистичките партии од граѓанските политички партии. Либералната демократија инсистира на ограничувањето на политичко-партиската контрола врз работата на општествените институции со цел да се обезбеди граѓанска и цивилна контрола над општествено-политичките текови и соодветна заштита на индивидуалните права и слободи на граѓаните. Во популистичкото сфаќање на демократијата полето на тоталитарната политичко-партиска контрола се протега и врз медиумите, синдикатите, културата и образованието што е потполно неприфатливо од позиција на либерално-демократски граѓански концепции. Всушност популистичките

партии настојуваат да се политизира и да се воспостави партиска контрола врз работата на секоја јавна институција. Согласно тоа популистите сметаат дека доколку некоја институција има значајна или одлучувачка улога во животот на граѓаните, тогаш нејзината работа треба да биде контролирана директно од самите граѓани, а имајќи во предвид дека не постојат ниту можат да бидат изградени механизми според кои секој одделен граѓанин би можел да ја контролира работата на сите значајни јавни институции, тогаш таа контрола на свои плеќи траба да ја преземе автентичниот бранител на интересите на народот и екслузивниот застапник на „општата волја“, популистичката партија, односно нејзиното раководство. Особен интерес популистите покажуваат за контрола на образованието и културата. Преку образованието општеството треба да ги афирмира заедничките вредности на кои што тоа се заснова. Според популистите одбраната на државата, одбраната на народот и одбраната на демократијата започнува во основните училишта каде што херојската историја на татковината треба да биде промовирана со соодветен пиетет, со цел да се овозможи изградба на самосвесни, достоинствени и лојални членови на заедницата. Покрај образованието и уметноста треба да биде ставена во функција на оформувањето на колективна морална рамка на општеството. Популистите тврдат дека уметноста треба да биде народна и национална и дека како таква во моментов е загрозена. Националната култура треба да биде ревитализирана, за да може да послужи за зацврстување на политичката и културната кохезија. Според популистите, уметноста не треба да се смета за независен начин на изразување на емоции или општествена критика, туку таа во потполност треба да биде ставена во функција на промоција на „општата волја“. Во рамките на критиката на актуелните состојби во културата, популистите истакнуваат дека, уметниците, кои често зависат од државните субвенции, се под влијание на политичките ставови на традиционалните граѓански партии, што резултира со продукција на субверзивна уметност спакувана во левичарско-социјалистичка обланда. Лидерот на холандската популистичка Партија за слобода (Partij voor de Vrijheid) Герт Вилдерс (Geert Wilders) ја критикува

уметноста како левичарско хоби[17] и бара во Холандија да бидат укинати сите државни субвенции за уметноста. Контролата и политизацијата на медиумите, образованието и уметноста, согласно популистичките концепции, треба да послужат за изградба заеднички сенароден светоглед втемелен врз принципот на општата волја како предуслов за правилно функционирање на демократијата.

Според популистите диктатурата на толеранција која што е пропагирана од традиционалните граѓански партии, наместо да го насочи современото општество кон изградба сенароден поглед на светот, води кон разјадување и девастација на народниот идентитет и треба да се напушти, односно треба во потполност да биде разобличена и отфрлена. Популистите сметаат дека толеранцијата како вредност и општествено-политичка концепција всушност е злоупотребувана од актуелните општествено политички елити, во насока на девастација и деградација на народните вредности, со цел да се дезориентираат граѓаните и да се превенира и оневозможи конструктивната критика на актуелните општествено-политички тенденции и критиката на идеолошките концепции на либералната демократија. Самата концепција на толеранцијата и взаемното почитување на луѓето, не е во потполност страна на популистичките концепции. Всушност популистите развиваат комплексен идеолошко-политички сплет на ставови кон негативните слободи. Британскиот филозоф, Исаија Берлин (Isaiah Berlin) во своето епохално дело „Четири есеи за слободата“ („Four Essays on Liberty“) разликува позитивна од негативна слобода[18]. Позитивната слобода овозможува една личност, односно еден граѓанин слободно да делува во насока на задоволувањето на своите потреби и остварувањето на сопствените цели, додека негативната слобода овозможува една личност односно еден граѓанин да не биде попречуван во своето делување во насока на задоволувањето на своите потреби и остварувањето на сопствените цели. Лидерот на холандската популистичка Партија за слобода (Partij voor de

[17] види: Gert Oostindie: *Postcolonial Netherlands: Sixty-five Years of Forgetting, Commemorating, Silencing,* Amsterdam University Press, Amsterdam, 2011, p. 10.
[18] поопширно види: Isaiah Berlin: *Four Essays on Liberty,* Oxford University Press, Oxford, 1990.

Vrijheid) Герт Вилдерс (Geert Wilders) вели дека состојбата во современите општества забележува претежнување на негативните слободи и дека општеството треба да се обиде да го промовира концептот на позитивната слобода. Заштитата на негативна слобода од страна на државата често се смета за важна карактеристика на либералната демократија, но Герт Вилдерс истакнува дака уставните права треба да бидат применети единствено на оние кои се подготвени да се придржуваат кон вредностите отелотворени во демократскиот устав, бидејќи историјата покажува дека плуралитетот на мислења може да постои само ако се темели на принципот на взаемната доверба на граѓаните кои почитуваат заеднички норми и вредности. Според популистичките партии, демократијата има легитимитет единствено доколку е заснована на народниот суверенитет на културно хомогениот народ. Врз основа на тврдењето дека со уставот и законите загарантираните права им припаѓаат само на оние кои се обврзуваат на верност кон тој устав и кон законите, популистичките партии всушност ја промовираат тезата дека емигрантските заедници треба да бидат принудени да ги усвојат „западните" вредности или до колку тоа го одбијат да им биде ускратено гостопримството, односно да им биде ускратено правото на престој во државата. Популистите предлагаат емигрантите да потпишуваат договор во кој се обврзуваат на почитување на културата на земјата-домаќин. Австриската партија на слободата предлага на емигрантите да им се подели тест за демократија, тест во кој тие би можеле да ја докажат својата лојалност на демократските австриски процедури. Определен број влијателни популистички движења во Западна Европа ја истакнуваат својата верност кон принципот на толеранција, покажуваат исклучителна грижа за положбата на жените во општеството и се залагаат за стриктно почитување на правата на жените, а Холандската партија за слободата, се залага за правата на хомосексуалците, при што истакнува дека е време да се застане во одбрана рамноправноста и слободата како основни компоненти на западната култура, што подразбира и почитување на базичните права на хомосексуалците, како и промоција на еднаквите права на мажите и жените. Популистичките партии

истакнуваат дека едно демократско општество втемелено врз принципот на рамноправност на своите членови може да се одржи само ако рамноправноста се артикулира низ процесот на усвојување и почитување на заедничките есенцијални вредности.

Истакнувањето на еднаквоста не само што бара надминување на поделбите во општеството, туку популистичката демократија уверува дека за да се затвори јазот меѓу елитата и народот, поделбите меѓу политичката елита и граѓаните треба да бидат надминати. Според тоа, контролата на граѓаните, односно народот над политичките претставници и институции треба да биде значително зголемена. Во политизирањето на институциите (финансирани од државата), како што се државните радиодифузни сервиси и правосудството, популизмот во прашање ги доведува нивната објективност и легитимитет и ги обвинува дека и служат на владеачката либерална политичка елита. Единствениот начин за одбраната на неутралноста на државата, според популистите е кршење на моќта на „традиционалните“ либерални партии и зголемување на народната контрола врз државните претставници и институции.

Суштествениот принцип на либералниот демократски модел, државна неутралност, е остро критикуван од страна на популистичките партии и движења. Популистичките политичко-идеолошки позиции се насочени кон промовирањето на општата волја како врвен политичко-општествен критериум на изградба на односите во државата, што во основа е некомпатибилно со либералните позиции за индивидуалните слободи, државната неутралност и слободата на политичко здружување и делување. Популистичките партии и движења го оспоруваат легитимитетот на базичните аспекти на либералната демократија, како што се нејзиното фокусирање кон индивидуалните слободи, нејзиниот посредничко-репрезентативен карактер, нејзиниот политички плурализам и нејзиното ограничување на сферата на политичко партиската контрола на општеството. Популистичката критика не е насочена кон утопистичкиот карактер на поставените цели, туку сечилото на критиката е

насочено кон „недемократскиот карактер“ на понудените политички решенија. Идеалниот тип на една популистичка демократија треба да ги задоволува следните критериуми: според популистите демократијата може да се заснова само врз суверенитетот на народот како културно хомоген субјект со споделени колективни ставови кон прашањата на моралот и етиката, културно хомоген субјект кој се стреми кон реализирање на речиси хоризонтално-егалитаристички односи во политичката власт коишто се артикулирани во рамките на вистинската народна демократија, којашто претставува носечки столб на севкупната државно-општествена структура.

Современите реконципирања на либералната демократија делумно се предизвикани од острите критики на популистичките партии и нивното сè посуштествено влијание врз општествено-политичките текови. Демократијата е составена од два базични елементи, кои англискиот политиколог Маргарет Кенован (Margaret Canovan), авторката на влијателното дело „Популизам“ („Populism“),[19] ги определува како „спасувачки“ и „прагматични“. Спасувачкиот елемент во современата либерална демократија е гласот на народот, гласот на суверениот народ, додека прагматичниот елемент е формата на власт втемелена врз законски јасно определените ингеренции на институциите што и’ припаѓаат. Недостигот од револуционерно-радикална идеологија и лидерски култ што често му се припишува на популизмот, се чини дека повеќе го одразува трендот во либералната демократија воопшто, одошто особината на самиот популизам. Бернар Манин (Bernard Manin) во своето дело „Принципите на претставничката власт“ („The Principles of Representative Government“) истакнува дека денес сме сведоци на подемот на политичката летаргија кај граѓаните во либерално демократските држави, а базична незаинтересираност за тековните политички процеси Бернар Манин ја припишува на феноменот наречен „демократската публика“.[20] Главната карактеристика на овој феномен е пасивната реакција на

---

[19] види поопширно: Canovan, Margaret: *Populism,* Houghton Mifflin Harcourt, Boston, 1981.

[20] види поопширно: Bernard Manin: *The Principles of Representative Government,* Cambridge University Press, Cambridge, 1997.

гласачите кон прашањата поттикнати од политичко-општествените јавни дебати. Современиот граѓанин во рамките на модерната либерална демократија не може да ги препознае конкретните можности за непосредно политичко влијание во насока на подобрување на општите економско-политички општествени услови, што претставува главна причина за континуираното политичко пасивизирање на поголемиот дел од граѓанството, што воопшто не значи дека тие граѓани се и најмалку задоволни од тековните општествено-политички процеси. Токму наведениот феномен остава широк простор за делување на популистичките партии и движења, кои со својата провокативна реторика можат да го разбудат или зајакнат гневот кај граѓаните насочен кон определни негативни општествено-политички појави.

# II МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ, СОВРЕМЕНА ФИЛОЗОФСКО-ПОЛИТИКОЛШКА ПАРАДИГМА

Мултикултурализмот претставува филозофска концепција карактеристична за политичката филозофија, филозофската антропологија и политикологијата која ги обработува базичните прашања на културниот и цивилизацискиот идентитет на општествените групи и индивидуите, пред сѐ идентитетот поврзан со културното и религиозното разнообразие. Во филозофската и политичко-политиколошка смисла мултикултурализмот суштествено претставува филозофска, политиколошка и политичка концепција и политичка пракса која се однесува на заштита и поддршка на малцинските културно-општествени заедници и конципирањето на модусите за нивно вклучување во главните текови на општествените збиднувања. Во современото граѓанско демократско општество, каде што целта на политиколошката мисла и политичката пракса е пред сѐ да се конципираат модусите на заштитата на правата на човекот како поединец пред можното самоволие на институциите, мултикултурализмот како концепција подразбира и заштита на културно-општествени ентитети, односно подразбира заштита на „групно диференцираните права", термин промовиран од влијателниот канадски филозоф, Вил Кимлика (Will Kymlicka), професорот по политичката филозофија на Универзитетот Квинс во Кингстон (Queen's University at Kingston, Kingston, Ontario, Canada) и визитинг професор на Централноевропскиот Универзитет во Будимпешта, Унгарија (Central European University, CEU). Вил Кимлика во своето дело Мултикултурно граѓанство: „Либерална теорија и малцинските права" („Multicultural Citizenship: A Liberal

Theory of Minority Rights") всушност промовира политиколошки и општествено-политички модел на слободни и рамноправни граѓани, модел кој во себе содржи инкорпорирани специфични права за малцински културно-општествени и социјални групи, права со кои малцинските културно-општествени и социјални групи би можеле да се артикулираат соодветно врз јасно дефинирана нормативна основа и да ги искажат и реализираат своите потреби и побарувања. Оваа концепција всушност повикува на реконципирање на парадигмата на либералното општество.[21] Кимлика смета дека доделувањето на специфични права на определени малцински културно-општествени и социјални групи не го загрозува опстојувањето на демократското општество, туку всушност ги промовира принципите на слободата и рамноправноста и го поттикнува и заштитува културниот плурализам и диверзитет. Определени групно диференцирани права овозможуваат одделни членови од малцинските групи и заедници, каков што е случајот со поединци припадници на определени етничко-религиозни малцински групи, да се здобијат со можност за образование на својот мајчин јазик или на соодветен начин да ги остварат своите граѓански права и должност како што е правото на глас. Определени групно диференцирани права се насочени непосредно кон самите малцински заедници, а не непосредно кон поединците членови на дадените малцински општествено-политички или социјални групи; таквите права соодветно се нарекуваат групни права. Типичен пример за групни права е случајот на доморедни групи, коишто се повикуваат на правото на културно-политичко самоопределување. Додека мултикултурализмот се користи како заеднички термин кој ги опфаќа политичките барања на голем опсег на малцински групи, вклучувајќи ги ентничките и религиските малцинства, расните малцинства (пр. афроамериканците во САД), сексуалните малцински групи и лицата со посебни потреби. Повеќето теоретичари на мултукултурализмот се склони да ги фокусираат своите истражувања кон проблемот на еманципацијата и

[21] види: Will Kymlicka: Multicultural Citizenship: *A Liberal Theory of Minority Rights,* Oxford University Press, New York, 1996, pp. 49-50.

остварувањето на базичните човечки права на економската емиграција односно на доселениците коишто претставуваат етнички и религиозни малцинства (пр. доселениците со латиноамериканско потекло во САД, муслиманите во Западна Европа и сл.), малцински нации кои живеат во рамките на поголеми државни заедници (пр. Каталонците во Кралството Шпанија, Велшаните во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Баскијците во Кралството Шпанија, Квебечаните (франкофони) во Канада, држава која се наоѓа во персонална унија со Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска) и домородните народи (домородни народи како на пример: американските староседелци од Јужна, Централна и Северна Америка како и од Карипските Острови, т.е. Индијанците, што е заеднички назив за староседелските народи кои ги населуваат просторите од Аљаска и Канада до Огнената земја во Чиле и Аргентина; потоа, Абориџините од Австралија и Маорите во Нов Зеланд).

## 1. Мултикултурализмот како филозофско-антрополошко-политиколошка концепција

Мултикултурализмот како филозофско-антрополошко-политиколошка концепција непосредно се проникнува со политиколошко-филозофските концепции „политиката на идентитетот“, „политиката на разликата“ и „политиката на признавањето“. Наведените политиколошко-филозофски концепции се посветени на критичка размисла за проблемот на непочитуваните (политичко-правно непрепознаени) идентитети, како и критичка размисла за проблемите кои произлегуваат од фунционирањето на доминантниот образец на политичка застапеност и комуникација, којшто е втемелен врз принципот на маргинализирање на определени културно-општествени и социјални малцински групи и заедници.

Согласно концепциите на политикологот и филозоф Ирис Мерион Јанг (Iris Marion Young), долгогодишен професор по политички науки на Универзитетот Чикаго (University of Chicago, Illinois, USA), филозоф на политиката и политиколог-истражувач од областа на политичките теории и феминистичката социјална теорија, презентирани во нејзините дела „Инклузија и демократија“[22] („Inclusion and Democracy“) и „Правдата и политиката на разликата“[23] („Justice and the Politics of Difference“) како и согласно учењето на канадскиот филозоф Чарлс Тејлор (Charles Taylor), долгогодишен професор на Универзитетот Макгил од Монтреал, Канада (McGill University, Montreal, Quebec, Canada) презентирано во рамките на структурната анализа насловена „Политиката на препознавање“ (Politics of Recognition) печатена во зборникот „Мултикултурализам: Разгледување на политиката на препознавање“ („Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition“)[24], мултикултурализмот претставува прашање на економски интереси и политичка моќ, мултикултурализмот бара конципирање на издржано решение за надминување на економското и политичкото угнетување на кое се изложени поединците поради својот малцински статус. Токму „културата“ и „културните групи“ треба да бидат препознаени и признаени и да бидат политичко-правно и социјално еманципирани. Согласно овие концепции еманципацијата треба да биде овозможена и поттикната без оглед дали станува збор за културно-општествени и социјални малцински групи и заедници кои се карактеризираат според специфичноста на религијата, јазикот, етницитетот, националноста или расата.

Според филозофот, политиколог и правник Сара Сонг (Sarah Song) професор на Правниот факултет при Универзитетот Калифорнија во Беркли (University of California, Berkeley, School of Law - Berkeley, California, USA) во контекст на филозофско-политиколошките размисли за мултикултурализмот, поимот култура е извонредно широк и во него разнообразни диверзитетити се

---

[22] Iris Marion Young: *Inclusion and Democracy,* Oxford University Press, New York, 2000.
[23] Iris Marion Young: *Justice and the Politics of Difference,* Princeton University Press, New Jersey, 1990.
[24] Charles Taylor: *The Politics of Recognition;* in: Amy Gutmann (Ed.): *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition,* Princeton University Press, New Jersey, 1994.

сведуваат или се изедначуваат со концептот на култура.[25] Во повеќето барања за културно прилагодување на емигрантите или доселениците, јазикот и религијата се срцевината на овие барања. Клучното барање на малцинските нации е правото на самоуправување. Додека пак, во мултикултурниот дискурс поимот раса има исто така исклучително значајна улога.

Антирасизмот и мултикултурализмот се во основа блиски, но, воедно и различни концепти. Антирасизмот ги нагласува виктимизацијата и отпорот, а мултикултурализмот го нагласува и истакнува културниот диверзитет.[26] Постојат и примери за културно прилагодување или групно диференцирани права кои вклучуваат и исклучоци од општо применетото право. Такви се специфичните права на религиозните заедници, потоа, финансирање на малцински училишта на јазиците на малцинските етнички заедници, застапеноста на малцинствата во владини тела (пр. етнички квоти за партиски листи или законодавни седишта, малцинско-мнозински конгресни области), препознавањето и признавањето на традиционалните законски кодекси од владеачкиот правен систем (пр. јурисдикција за семејно право на верските судови) или ограничено-самоуправни права (пр. признавање на политичката автономија на Квебек.)

Групно диференцираното право претставува правно решение со кое се овозможува на определена малцинска група или на нејзините членови да постапуваат или да не постапуваат во согласност со нивните религиозни должности или културни определби. Во некои случаи, таквото право директно ја ограничува слободата на оние кои не се дел од таа група, само за да се заштити културата на малцинската група, каков што е случајот со употреба на англискиот јазик во Квебек.

---

[25] поопширно види: Sarah Song: *Justice, Gender, and the Politics of Multiculturalism,* Cambridge University Press, Cambridge-New York, 2007, pp. 17-18.
[26] види: Lawrence A. Blum: *Antiracism, Multiculturalism, and Interracial Community: Three Educational Values for a Multicultural Societ,* Office of Graduate Studies and Research University of Massachusetts at Boston, Boston, 1992, pp. 14-15.

Исклучително влијателна концепција која ги дефинира базичните принципи на мултикултурализмот произлегува од комунитаријанската критика на либерализмот. Фундаментални заложби на либерализмот се етичкиот индивидуализам и темелната определба дека поединецот има и треба да има слобода на избор за да ја следи сопствената визија за изградба на сопствениот живот. Во либерализмот се дава предност на индивидуалните права и слободи пред заедницата и колективните добра. Комунитаријанската критика на либерализмот не е толку фокусирана на либералната етика туку на либералните концепции за општествена дистрибуција на добрата. Комунитаријанците ја отфрлаат идејата дека поединецот е пред заедницата и дека вредноста на општествените добра може да се сведе на нивниот придонес за индивудуалната благосостојба. Комунитаријанизмот всушност не претставува единствена кохерентна и конзистентна концепција, туку е општ назив за филозофско-политиколошките и политичките концепции кои се критички настроени кон определени согледби на либералните филозофско-политиколошки и политичките концепции. Според определени комунитаристички концепции диверзитетот на културните идентитети претставува општествено добро и богатство. Признавањето на еднаквата вредност на различните култури бара ревизија и реконципирање на традиционалната либерална концепција на егалитарни, идентични слободи и можности за сите граѓани со една шема на посебни права за малцинските општествено-културни и социјални групи и заедници.

Либералистичките концепции во основа ја поддржуваат идејата на мултикултурализмот. Една од највлијателните теории на мултикултурализмот која се потпира на либералните вредности на автономијата и еднаквоста, е развиена од канадскиот филозоф на политиката и политиколог Вил Кимлика. Според Кимлика, културата е инструментално вредна за поединците пред сѐ затоа што културата овозможува индивидуална автономија. Меѓу најважните услови за постоење на автономијата е имањето доволен опсег на опции за избор. Културата е инструментално вредна и поради фундирањето на идентитетот на

индивидуата, од што произлегува и индивидуалната самопочит. Ставовите на Кимлика се движат од принципите за инструменталната вредност на културното членство, кон егалитаријанското тврдење дека поради тоа што членовите на малцинските групи се онеправдани во смисла на пристапот до своите култури (наспроти членовите на мнозинската култура), ним им е потребна посебна заштита и специјален третман. Културното прилагодување и социјализацијата одразуваат една од доминантните идеи во поширока концепциска рамка која критичарите на ваквото гледање ја идентификуваат како „егалитаријанизам на среќата". Рамноправноста не секогаш претставува реална концептуална сила врз која е втемелен современиот политички морал во најлибералните општества, како во однос на неприфатливоста на нееднаквости кои произлегуваат од околностите во кои живеат луѓето, така и во однос на прифатливоста на нееднаквости која произлегува од последиците на дејствијата кои претставуваат нивен избор. Политичкиот морал всушност постојано се крши врз прашањето на принципот на слободата на мислење, избор, одлучување и дејствување од една страна, и принципот на равноправност и еднаквост на граѓаните. Доколку сите имаат еднакво право на избор, последиците од изборот на поединците ќе бидат сосема различни. Но, секако кога станува збор за луѓе со еднакви или слични способности и таленти кои припаѓаат на различни социјални класи повторно нема во старт да бидат рамноправни, но и тоа се должи на изборот односно изборите од минатото, изборот кој го направил член на нивното семејство. Острата политичка критика на секој облик на нееднаквост, имајќи предвид дека самата нееднаквост меѓу луѓето може да произлегува од сплет на различни околности, нужно во својата среќа има логички исправна линија, во која заклучувањето води кон оправдување на тоталитарното општество. Токму затоа либералните теории се подготвени да бидат толерантни кон значајни дистрибутивни нееднаквости кои произлегуваат од разликите во талентот и способноста на поединците, но и да бидат толерантни кон значајни дистрибутивни нееднаквости кои произлегуваат од нееднаквите потенцијали на припадниците на различни социјални групи и општествени слоеви.

Егалитаријанците на среќата тврдат дека единствено човекот поединец (односно слободниот граѓанин) може да ја преземе одговорноста (односно е одговорен) за нееднаквоста што резултира од неговиот сопствен избор, но, поединецот не може ниту треба да ја преземе или сноси одговорноста и да ги трпи последиците од нерамноправноста што произлегува од неизбраните околности, како што е етничка или класна припадност. Постоењето на длабока неправична нерамноправност меѓу граѓаните, во најразвиените и најдемократски земји, нерамноправност која постојано се продлабочува, и чии последици постојано се усложнуваат претставува колективна одговорност на граѓаните на дадените демократски слободни општества. Кимлика тврди дека нерамноправноста на единката што произлегува од нејзиното припаѓање на определена малцинска култура не е последица на слободниот избор на дадената единка (исто како што нееднаквоста на единките што поседуваат вродени таленти или што имаат добра општествената стартна позиција во животот не се последици на нивниот слободен избор). Сè додека нерамноправноста е последица на кој и да е друг фактор, како што се припадноста на определена општествено економска или етничка група, а не е последица на личниот избор на целите, членовите на малцинските групи со право можат да бараат од членовите на мнозинската група да ги споделуваат трошоците на нивната еманципација и социјализација. Правата на малцинските групи и позитивната дискриминација се оправдани, како што тврди Кимлика во рамките на либерално-егалитаријанскатата теорија, при што тој ја нагласува важноста на надминувањето на проблемите кои произлегуваат од нерамноправноста која не произлегува од слободниот избор на граѓаните. Детално разработувајќи ги прашањата на малцинските права и односот кон правата на малцинствата во класичните либерални теории, Кимлика истакнува дека е неопходно воспоставување на интелектуално-критички однос кон прашањето на малцинските и човечките права во рамките на современото демократско општество, што би значело всушност и повторно

конципирање на базичните прашања во односот на фундаменталните малцински права.[27]

Во рамките на интелектуално-критичките размисли, карактеристични за академските кругови на развиените држави во кои владее плуралистичкото демократско уредување, секогаш е актуелно прашањето за односот на државата кон правата на малцинските заедници и потенцијалната нерамноправност на членовите на малцинските заедници во однос на членовите на припадниците на мнозинската заедница, без оглед дали станува збор за етно-национална, конфесионална или расна припадност кон малцинската односно мнозинската заедница. Дали е подобро да се усвојат построги закони за антидискриминација, со што би се сопрело нарушувањето на правата на малцинските групи. Кимлика и други либерални теоретичари на мултикултурализмот тврдат дека законите за антидискриминација во развиените демократски држави не ги третираат членовите на сите малцинските групи рамноправно. Според нивното мислење државите не би требало да бидат неутрални по прашањето на заштитата на особеноста, идентитетот и посебноста на малцинските групи. Во културно разнообразните општества, лесно можат да се најдат примери на државна поддршка на некои културни групи на сметка на други. Додека државите можат да ја забранат расната дискриминација и да избегнат официјално воспоставување на религијата, државите не можат да го избегнат воспоставувањето на еден јазик (односно определен број јазици) за официјален во јавното образование и во државни служби воопшто (јазикот овде е парадигматски маркер на културата), при што „потполно е јасно дека познавањето јазикот на мнозинството отвара голем број можности истакнува канадскиот и американскиот политиколог Џозеф Керенс[28] професор на одделот за политички науки на Универзитетот во Торонто, Канада (University of Toronto, Toronto, Ontario, Canada). Културната или јазичната предност може да се

[27] види пошпирно: Will Kymlicka: *Liberalism, Community, and Culture,* Oxford University Press, New York, 1991, pp. 206-220.

[28] види: Joseph H. Carens: *Culture, Citizenship, and Community: Contextual Political Theory and Justice As Evenhandedness,* Oxford University Press, New York, 2000, pp. 206-220.

пренесе и во економската и политичка рамноправност, зашто членовите на доминантната културна заедница имаат предност во училиштата, работните места и политиката. Културната предност исто така добива симболична форма. Кога државното дејствување го зголемува симболичното афирмирање на едни групи а не на други во воспоставувањето на државниот јазик и јавните симболи и празници, сето тоа има ефект на нормализирање, коешто укажува дека јазикот и обичаите на една група се повеќе ценети од јазикот и обичаите на друга група. Чест е случајот кога државата нема избалансиран однос кон различните малцински групи, односно кога фаворизира определени малцински групи во однос на други малцински групи. Државните закони не секогаш имаат разбирање за специфичните потреби, уверувања или ставови на малцинствата. Како пример може да се наведат случаи на задолжителното облекување на униформи во јавните училишта или на работно место, кои не ретко се во спротивност со ставовите за пристојно или соодветно облекување и изглед на поединецот согласно стандардите на облекување карактеристични за определени верски или етнички заедници.

Типичен пример на државното ограничување на вариететите на облекувањето на единката е забраната на Француската Република за носење на верска облека во училиштата во Франција. Овој закон пред сè е насочен кон забрана за носење на хиџаб (шамии за покривање) од страна на ученичките со муслиманска вероисповед. Верата може да наложува верниците да се облекуват на определен начин, што во основа може да претставува проблем во мултикултурните заедници, затоа што обичаите на една заедница можат да бидат сметани за неприфатливи или навредливи за остатокот на општеството. Сепак, притисокот врз верниците не произлегува само од моралниот кодекс на религијата, туку тој исто така се појавува од судирот меѓу барањата на верата и барањата на државата кој што е чест случај во многу држави, независно од тоа дали тие се секуларни или не.

Додека специфичните етички законитости карактеристични за определени етно-народни или верски традиции не треба да претставуваат прашање со кое се занимава државата односно нејзините институции (сè додека тие не претставуваат опасност за самата држава или за нејзините граѓани, согласно позитивните законски норми) од друга страна, кога се работи за надворешни товари, либералните мултикултуралисти тврдат дека позитивната дискриминација која има за цел да обезбеди соодветна еманципација и социјализација на припадниците на определени општествено културни, етнички, верски или социјално-ранливи малцински групи или заедници е тоа што го бара егалитаријанската правда.

Теоријата од либерално-мултикултуралната провиниенција конципирана од канадскиот филозоф и политиколог Вил Кимлика која се однесува на базичните принципи на групно диференцирани права во основа разликува: право на самоуправување; право на автохтоното население и на домородните народи и национални малцинства (во дадениот случај малцинскиот статус не претставува прашање на избор, туку е производ, односно последица на насилно и бескрупулозно инкорпорирање на територијата на која живеат во рамките на територијата на определена држава). Наспроти тоа, емигрантите свесно и според своја волја, односно доброволно и врз основа на сопствен избор се наоѓаат во својство на малцинство во определена држава која не е нивна татковина. Без оглед на причината поради која емигрантите ја напуштиле својата родна грутка, дали се бегалци, економски емигранти, политички емигранти, авантуристи и сл. државата која им укажува гостопримство не е должна да ги менува сопствените закони и правила на однесување а да им излезе во пресрет на обичаите, желбите и потребите на емигрантите соодветно на нивната традиција, обичаи, обреди и ритуали. Согласно дадената концепција Република Франција има право да забрани носење хиџаб односно верски обележја во јавните институции, пред сè во училиштата, со што го нагласува привилегираниот статус на западно либералниот граѓански етички модел на однесување карактеристичен за автохтоно француско население во однос на

шеријатските закони следени од дел на емигрантите од исламска провиниенција. Согласно наведеното, емигрантската популација има право на праведен третман и хумани услови за интеграција, право на билингвално образование, доколку е тоа можно, со цел интеграцијата во новото општество да биде поефикасна, а еманципацијата посоодветна.

Постојат филозофско-мултикултуралистички концепции кои се повеќекратно „полиберални“ во однос на традиционалната рамка на класичниот либерализам, кои се однесуваат на конципирањето на феноменот на мултикултурализмот, а тука пред сѐ се истакнуваат теоретичарите кои пишуваат од постколонијална перспектива. Значењето на племенскиот суверенитет не почива единствено врз премисите на вредноста на племенската култура и припадноста кон племето, туку и врз долгот кон домородниот народ и историските неправди што му биле нанесени. Поддржувачите на домородниот суверенитет го нагласуваат значењето на разбирањето на барањата на домородците поради историското минато во кое им се негирал рамноправниот суверен статус на домородните групи, одземањето на нивното земјиште и уништувањето на нивните културни пракси. Тоа минато го доведува во прашање легитимитетот на државната власт врз абориџинските народи во австралиското монархистичко општество кое се уште го практикува англо-саксонскиот правен систем кој во основа е втемелен врз варијации на обичајното право, што во еден подолг историски период не овозможуваше воспоставување соодветна правна рамка која би обезбедила заштита на правото на достоинствен живот на автохтоните абориџински етнички групи, додека правото на самоуправување на автохтоното население никогаш сериозно не било официјално разгледувано. Мултикултуралистичките концепции блиски до постколонијалната перспектива исто така се обидуваат да конципираат модалитети на политичко и правно надминување на бариерите кои го попречуваат цивилизацискиот дијалог втемелен врз почитувањето на културните различности. За мултикултурните општества е карактеристична разнообразноста на верските и морални гледишта. Либералните општества ја

сфаќаат сериозноста на почитувањето на различностите, при што самата либерална концепција се темели врз принципот на почитувањето на специфичностите на секоја индивидуа, како и врз почитувањето на индивидуализираниот поглед на општеството и на општествените односи. Либерализмот развива специфична опсервација кон проблемите на мултикултурализмот и на почитувањето на човековите права и слободи, како и почитувањето на малцинските групи како во либералните, така и во нелибералните држави. Притоа особено контроверзно е прашањето за односот на либераните држави кон нелибералните емигрантски малцински групи. Како што тврди големиот индиско-британски политиколог и филозоф Бику Парек (Bhikhu Parekh), либералната теорија не може да обезбеди непристрасна правна рамка за односите меѓу различните културни заедници.[29] Тој се залага за поотворен модел на интеркултурен дијалог во кој законските одредби согласно вредностите на либералното општество би служеле како појдовна точка за меѓукултурниот дијалог, при што начините на заемната комуникација би можеле да се реконципираат и рекомпонираат. Современите демократски либерални општества се обидуваат да изнајдат поинклузивни основи за интеркултурен дијалог и соодветна интеграција на малцинските групи, а пред сè за општествена еманципација и интеграција на автохтоните етнички групи кои поради големите културолошки разлики несоодветно партиципираат во општествено-политичкиот и културниот живот на нацијата.

Согласно современите филозофско-политиколошки учења втемелени врз прогресивните и либералните интелектуално-филозофски и политички доктрини, концепцијата на мултикултурализмот е несомнено иманентен дел на интеракцијата на поединецот и културата во која тој е одгледан, воспитан и во рамките на која поединецот живее, работи, создава и го конципира и реализира својот животен пат.

---

[29] види поопширно: *Parekh, Bhikhu: Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory,* Macmillan Press, New York, 2000, pp. 239-263.

Согласно дадените теории културите не претставуваат самодоволни целини, туку секоја култура всушност настанала како производ на интеракции и меѓусебни влијанија и проникнувања на различни култури, кои во определен временски период трпеле најразлични влијанија преку трговијата, империјализмот, миграцијата и војните. На сите страни од светот луѓето живеат во култури кои што во определена смисла се интеркултурен производ, култури кои се карактеризираат со својата културна хибридност. Како што истакнува новозеландскиот правник и филозоф, професор на Правниот факултет при Универзитетот Њујорк (New York University School of Law, New York University) Џереми Волдрон (Jeremy Waldron): „Живееме во свет создаден од технологија и пазар; од економски, верски и политички империјализам и од нивните чеда, од масовни миграции и ширење на културни влијанија. Во овој контекст, да се нурне во традиционалното практицирање на пример, на абориџинската култура би бил восхитувачки антрополошки експеримент, но тој во себе ќе вклучи вештачко дислоцирање од она што моментално се случува во светот.“[30]

Обидот да се сочува и да се заштити една културна матрица, всушност претставува настојување да се привилегира една, наводно чиста верзија на определена култура, со што всушност се негира фактот дека и дадената културна матрица се развивала и оформила под влијание и врз основа на интеракции на определен број различни културни модели, при што по пат на исклучително неприроден културен инженеринг вештачки се ограничува нејзината способност да се прилагоди на промените во даденото време и се оневозможува натамошниот природен развиток и раст на дадената култура.

---

[30] Jeremy Waldron: *Minority Cultures and the Cosmopolitan Alternative;* in Will Kymlicka (ed.): *The Rights of Minority Cultures,* Oxford University Press, Oxford, 1995, p.100.

## 2. Мултикултурализмот и заштитата на малцинските општествени групи

Теоретичарите на мултикултурализмот се согласуваат дека постои континуирано взаемно влијание меѓу културните урнеци и дека тие се во постојана интеракција, но поединците им припаѓаат на различни културни системи и имаат право да го сочуваат и развиваат својот културен идентитет. Оправданоста за посебна заштита на малцинските културни групи, е втемелена врз принципот на неотуѓивото право на секоја индивидуа да го негува и развива својот културен идентитет, став кој го споделуваат и теоретичарите кои имаат покосмополитски погледи за културата. Целта на групно диференцираните права е да ги охрабри членовите на малцинските групи да го негуваат, развиваат и сочуваат својот културен идентитет и своите културолошки особености.

Согласно концепциите на класичниот либерализам, мултикултурализмот се темели врз идеите на либералната толеранција и слободата на здружување. Согласно базичните теориии на либералното учење, етичкиот индивидуализам претставува базична вредност на слободното демократско граѓанско општество, при што секој граѓанин, секој поединец има право да го негува и развива својот културен идентитет, при што државата и нејзините институции не овозможуваат некоја посебна заштита на културните или малцинските групи, туку секогаш се насочени и фокусирани кон заштитата на правата на поединецот, односно граѓанинот. Современите либертаријански и определени либерални мислители сметаат дека всушност не постојат односно во рамките на современото слободно општество не треба да постојат групни права, туку само индивидуални права на граѓаните. Согласно оваа концепција малезиско-австралискиот политиколог и филозоф Чандран Кукатас (Chandran Kukathas) професор по политикологија и политичка теорија на Лондонската школа за економија и политички науки од Лондон, Англија (London School of Economics and Political Science, неформално: London School of Economics или LSE),

долгогодишен професор на прочуената Австралиска воена акдемија (Australian Defence Force Academy - ADFA) од Канбера, Австралија (Canberra, Australian Capital Territory, Australia), и професор по политички теории на Универзитетот Јута (University of Utah), Солт Лејк Сити, Јута, САД (Salt Lake City, Utah, USA) и ирскиот филозоф и политиколог Филип Петит (Philip Pettit) професот на Универзитетот Принстон (Princeton University) од Принстон, Њу Џерси, САД (Princeton, New Jersey, USA) во нивното дело „Ролс: Теорија на правдата и нејзините критичари" (Rawls: A Theory of Justice and Its Critics) посветено на критичка анализа на епохалниот труд на познатиот американски филозоф и професор по политичка филозофија на Универзитетот Харвард (Harvard University, Cambridge, Massachusetts, USA) Џон Ролс (John Rawls) насловено „Теорија на правдата" (John Rawls: A Theory of Justice, прво издание печатено во 1971 година), дело кое се смета за најзначаен труд од областа на филозофијата на политиката по Втората светска војна, и во кое Ролс је презентира својата оригинална теоријата на правдата при што инсистира дека општествената нееднакост може да биде оправдана единствено доколку е во полза на најзагрозените слоеви на општеството[31], при што Кукатас и Петит го промовираат ставот дека државата со давањето на посебна заштита и права на културните групи, ја гази својата примарна улога која се состои во обезбедување сигурност на граѓаните како индивидуии и со тоа ги поткопува индивидуалните права на граѓаните.[32] Државите не треба да се занимаваат со културна интеграција или културен инженеринг, туку треба да бидат индиферентни кон малцинските групи, а да ги заштитуваат правата на граѓаните како индивидуи и нивното право да го изградат и да го негуваат својот културен, етнички и верски идентитет.

Според Чандран Кукатас државата треба да има свест за изградба на соодветни механизми за заштита од злоупотреба на ранливите членови на

[31] види поопширно: John Rawls: *A Theory of Justice,* Belknap Press of Harvard University Press, Cambridge - New York, 2005, pp. 258-283.

[32] види: Chandran Kukathas - Pettit, Philip: *Rawls: A Theory of Justice and Its Critics,* Polity Press, Cambridge, 1990.

групите, затоа што определени малцински заедници во слободните демократски општества би можеле да развијат или имаат развиено согласно сопствената традиција определени пракси и дејности кои се неприфатливи за пошироката заедница и кои непосредно го загрозуваат достоинството, слободата и безбедноста на определени членови на дадената малциска група[33].

Одредени лево ориентирани концепти втемелени пред сè врз принципите на традиционалната марксистичката и на неомарксистичката општествена критика на мултикултурализмот, сметаат дека доминантните современи теории на мултикултурализмот всушност се втемелени врз политиката на препознавање и признавање на специфични културни урнеци и културни идентитети. Притоа припадниците на традиционалната марксистичката и неомарксистичката општествена критика потенцираат дека политиката на признавање и препознавање предизвикува односно толерира статусна нерамноправност на граѓаните, при што застапниците на овие концепции сметаат дека решението за вистинско унапредување на правата на обезправените малцински општествени групи и заедници може да се бара единствено во концептуалните културо-општествени промени. Постојната економска, фискална и монетарна политиката на дистрибуција на материјалните добра и општественото богатство, предизвикува економска нееднаквост и претставува основа за експлоатација на определени слоеви на населението, па соодветно на тоа вистинскиот правец во насока на надминувањето на постојните општествени неправди би бил определен вид на економско реструктуирање на општеството. Мобилизацијата на обезправените општествени групи, пред сè економски обезправените, угнетуваните и експлоатираните општествени слоеви се движи кон редистрибуција на општествените добра, додека пак, мобилизацијата на сексуалните малцинства пред сè движењето на лезбејките, хомосексуалните мажи, бисексуалците, трансродните и квир личности (LGBTQ) е насочено пред сè кон препознавањето и признавањете на нивниот идентитет и нивните права,

---

[33] поопширно: Chandran Kukathas: *The Liberal Archipelago: A Theory of Diversity and Freedom,* Oxford University Press, New York, 2007, pp. 74-165.

како и кон конципирање на модусите и модалитетите на нивната заштита и општествена еманципација. Многумина критичари ги загрижува тоа што фокусот на мултикултурализмот е насочен кон културата и идентитетот, а тоа според нив го одвлекува вниманието, па дури и активно ја поткопува борбата за економска правда. Притоа според застапниците на оваа теорија политиката заснована врз идентитетот може да ја поткопа потенцијалната мултирасна и мултиетничка класна солидарност и делумно поради тоа што некои мултикултуралисти се стремат да се фокусираат на културната неправда без да обрнуваат сериозно внимание на економската положба на малцинските групи. Според традиционалната марксистичка и неомарксистичка општествена критика на мултикултурализмот, вистинскиот одговор на постојните општествени состојби е редистрибуцијата на општественото богатство, додека признавањето и препознавањето на конкретните малцински групи е важна, но не најсуштествена димензија во потрагата по рамноправност за малцинските заедници. Во праксата, обата политички модалитети, насоченоста кон материјалната онеправданост и кон маргинализираните идентитети, се неопходни за да се постигне соодветна рамноправност на граѓаните со различен расен, етнички, национален, религиски, родов, сексуален и класен идентитет, при што голем број граѓани индивидуално се наоѓаат на пресекот на овие различни категории малцински групи и се исправени пред повеќе форми на маргинализација.

## 3. Мултикултурализмот и политиколошката концепција на рамноправноста

Еден од приврзаниците на егалитаристичката концепција на мултикултурализмот, влијателниот филозоф на политиката, долгогодишен професор на Унивезитетот Есекс (Essex University), Колчестер, Англија (Colchester, England) и професор емеритус на Колумбија универзитетот од Њујорк, САД (Columbia University in the City of New York, New York, USA) и на Лондонската школа за економија и политички науки од Лондон, Англија (London School of Economics and Political Science, неформално: London School of Economics или LSE) Брајан Бери (Brian Barry), истакнува дека религиозните и културните малцинства треба да бидат одговорни за последиците од сопствените, идеолошки ставови, уверувања, верувања и нивното дејствување и постапки. Религијата и културата можат да ја оформат волјата на поединецот да ја зграпчи можноста, но тие не влијаат на тоа дали поединецот има таква можност. Брајан Бери во своето дело „Културата и еднаквоста: Егалитаристичката критика на мултикултурализмот" („Culture and Equality: An Egalitarian Critique of Multiculturalism") истакнува дека државното законодавство е насочено кон обезбедување на разумен опсег на еднакви можности, а не кон обезбедување на еднакви можности при било кој индивидуален избор или исход[34]. Културните и верските здруженија не го ограничуваат опсегот на можности што определена индивидуа го има во однос на институционалната правна рамка за општа рамноправност на граѓаните, туку го ограничуваат изборот што поединецот може да го направи во однос на прифатениот етички кодекс сообразен со базичните принципи и стандарди карактеристични на заедницата на која и' припаѓа.

---

[34] види поопширно: Brian Barry: *Culture and Equality: An Egalitarian Critique of Multiculturalism,* Polity Press, Cambridge, 2001, pp 32-39.

Спротивно од Бери, либералните мултикултуралисти сметаат дека во многу случаи во кои државните закони непосредно ги пропишуваат односно ограничуваат рамките на верските или културните слободи на изразување и пракса, пред сè на верските и културните малцински групи и заедници, всушност претставува пример на општествена неправда и нерамноправност, така што согласно наведените принципи, штом државата не е во можност да овозможи целосно слобода на изразот и праксата на определени малцински културни заедници или да биде кон нив соодветно неутрална, тогаш таа мора на определен начин да им се оправда на граѓаните припадници на малцинските културни заедници по пат на непосредна директна акција и ангажман во концепирањето на модалитетите за изградба на доверба и дух на соработка меѓу државата и државните институции и дадените малцински културни заедници.

При интелектуалните дебати за мултикултурализмот се истакнува проблемот кој се јавува со проширените заштити на малцинските групи и овозможување на нивно непречено автономно делување без соодветна контрола на државните институции, што може да води кон определени модалитети на угнетување и обезправување на ранливите членови на дадените групи, од страна на мнозинството од малцинската група. Всушност станува збор за обезправеност, угнетување и загрозување на слободата и достоинството на граѓаните кои всушност имаат статус на интерно малцинство односно се малцинство во рамките на определена малцинска група. Ранливите подгрупи во рамките на малцинските групи ги вклучуваат религиозни дисиденти, сексуалните малцинства, жените и децата. Неретко се случува лидерите на некоја од групите да ја злоупотребат институцијата на заемната солидарност на членовите на групата, за на пошироката јавност да им се претстават како обединет фронт со цел да ја зајакнат сопствената позиција, моќ и авторитет. Некои од најопресивните норми карактеристични за етичкиот кодекс почитуван од страна на определени малцински културно-општествени заедници се однесуваат на прашањата на родот и сексуалноста, поради што, голем број феминистички мислители исклучително критички се насочени при анализа на

мултикултуралистичките учења. Канадската феминистка, политиколог и правник, професор на Правниот факултет, на Универзитетот во Торонто (University of Toronto Faculty of Law, University of Toronto), во Онтарио, Канада (Ontario, Canada), Ајелет Шахар (Ayelet Shachar) во своето дело „Мултикултурни јурисдикции: Културните разлики и правата на жените" („Multicultural Jurisdictions: Cultural Differences and Women's Rights") ја нагласува тензијата, односно контроверзиите кои ги следат односите меѓу теориите на мултикултурализмот и феминизмот,[35] таа истакнува дека при екстремното однесување на мнозинството или раководните органи на малцинските групи кон интерните малцинства можат да бидат загрозени фундаменталните човечки и граѓански права на поединците, личности кон кои е насочена казната на малцинската заедницата[36]. Вистинска дилема е дали некој се согласува дека групно диференцираните права за малцинските културни групи се оправдани, како што тоа го прават теоретичарите на мултикултурализмот и дали родовата еднаквост е еднаква вредност, како што нагласуваат феминистите. Проширувањето на посебните заштити и поддршка во насока на патријархални културни заедници, може да помогне за зајакнување на половата нееднаквост во рамките на овие заедници. Примерите за вакви екстремни постапувања, кои што можат да доведат до загрозување на базичните човекови права на дел од членовите на малцинските заедници можат да се забележат кај патријархалните малцински заедници, при што исклучително екстремен пример за бескрупулозно казнување на прекршителите на јавниот морал е таканареченото убиство заради чест.

Приговорот кон „интерните малцинства" особено им создава тешкотии на либералните егалитаријански бранители на мултикултурализмот, коишто целат да промовираат рамноправност во рамките на групата (меѓугрупна рамноправност), а истовремено предизвикуваат меѓугрупна нееднаквост,

---

[35] види поопширно: Ayelet Shachar: *Multicultural Jurisdictions: Cultural Differences and Women's Rights,* Cambridge University Press, Cambridge, 2001.

[36] види: Ayelet Shachar: *Multicultural Jurisdictions: Cultural Differences and Women's Rights,* Cambridge University Press, Cambridge, 2001, pp. 17.

вклучувајќи ја и половата нееднаквост. Кимлика нагласува дека мултикултурализмот исто како и феминизмот, цели кон поинклузивна концепција за правдата. И мултикултурализмот и феминизмот се повикуваат на традиционалната либерална претпоставка дека еднаквоста бара идентичен третман. Кимлика при обидот да ја потенцира загриженоста за интерните малцинства, прави разлика меѓу две различни концепции на правата на општествените групи. Кимлика прави јасна дистинкција меѓу „надворешната заштита“, под што се подразбираат права коишто една малцинска група ги бара од државата и државните институции со цел да се намали ранливоста на самата група од економската и политичката моќ на разнообразните општествени чинители, и „интерните рестрикции“ што претставуваат вид права и надлежности коишто малцинската група бара да и бидат признаени од страна на индивидуите-членови на дадената малцинска група, односно бара индивидуите припадници на дадената малцинска група да го признаат авторитетот и ингеренциите на формалните или неформални раководни структури на малцинската група. Кимлика тврди дека либералната теорија за правата на малцинските групи не може да го прифати второто групно право, односно не може да дозволи обичаите, правилата на однесување и лидерскиот авторитет на определени малцински групи да се издигнат над авторитетот на државата и над државното законодавство. Давањето на „надворешна заштита“ на малцинските групи може некогаш да се добие по цена на „интерни рестрикции“ како што е случајот со правото на самоуправување на одредена група која ги прекршува правата на своите членови со ограничување на слободата на свеста или со донесување сексуално дискриминаторски правила за членство.

Дали може да зборуваме за помирување на мултикултурализмот и феминизмот во рамките на либералната теорија делумно зависи од емпириската премиса дека културните групи коишто бараат групно диференцирани права не ги поддржуваат патријархалните норми и пракси. Ако ги поддржуваат, либералните мултикултуралисти во принцип ќе мораат да спорат против проширувањето на групните права или, пак, нивно проширување со извесни

квалификации, како што се прилагодување на проширувањето на правата на самоуправување на домородните групи при прифаќањето на уставниот закон за правата.

Алтернативниот одговор за проблемот на интерните малцинства повеќе е демократски одколку либерален. Либералните теоретичари често тргнуваат од прашањето дали праксите на културните малцинства можат да бидат толерирани или поддржани во согласност со либералните принципи, но поширокaта платформа на политиколошката рамисла за дадените прашања обезбедува можности членовите на малцинските групи да ги посочат и разобличат примерите на општествената хипокризија која води кон понижување и угнетување на членовите-припадници на определена малцинска група, а пред сè припадничките на женскиот род кои и припаѓаат на дадената малцинска група, и притоа да ги артикулираат принципите кои ќе овозможат институциите на системот, чија борба во насока на обезбедување на ефикасно функционирање на законските норми за родовата еднаквост во рамките на општеството, во насока на потиснување на сексистичките испади во рамките на малцинската група.

Рапидните емиграциски движења во текот на XX век во фокус на мултикултуралистичките концепции го позиционираат прашањето на статусот и на правата на имигрантските заедници. Овие прашања иманентни на мултикултурализмот всушност претставуваат пред сè базично филозофски-хуманистички прашање, а во последните декади на XX век, како и на почетокот на XXI век исклучително актуелно филозофско, политиколошко и идеолошко-политичко прашање. Дел од концепциите и општествено-политичките движења кои се спротиставуваат на тенденциите за соодветна граѓанска еманципација на имигрантските заедници и инсистираат на заострување на визната политика кон државите од кои потекнуваат најбројните имигрантски заедници, всушност својот став остро критички насочен кон емигрантскиот мултикултурализам го темелат врз стравот од доселениците кои не ги препознавват и соодветно

почитуваат базичните културолошки вредности и норми традиционално карактеристични за средината во која се населиле. Отпорот кон емигрантите е исто толку стар колку и емиграцијата, но антиемигранските движења особено зајакнуваат во периодот на економските кризи и рецесии, односно во периодите кога граѓаните чуствуваат дека безбедноста и сигурноста им се загрозени.

Опсегот на политичките движења кои можат да бидат определени како застапници на концепцијата на политика на идентитетот е голем: примерите што се користат во филозофската литература во главно се однесуваат на про-демократските движења кои делуваат во западните либерални демократски држави, но определн број популистички движења се идентификуваат со ставовите и концепциите карактеристични за политика на идентитетот. Јавната реторика на политиката на идентитетот често ја затскрива филозофската комплексност на прашањата кои се однесуваат на заедничките карактеристики на одделните заедници.

Уште од седумдесетите години на XX век, политиката на идентитет, како модус на организирање и склоп од политички и филозофски позиции претрпе бројни напади од теоретските и политичките неистомисленици. Приврзаниците на класичните марксички теории, како и ревизионистите и социјалистите, а особено оние приврзаниците на новата европска левица, често подемот на политиката на идентитетот ја сметаа за крај на радикалната материјалистичко-марксистичка. Истражувањата на познатиот политиколог, Луис Мекнеј (Lois McNay) професор по Политички теории на одделиниeто за Политика и меѓународни односи на Самервил колеџ на Универзитет Оксфорд (Somerville College, University of Oxford), Англија, се насочени кон прашањата на општествената теорија и феминистичката мисла, при што со особено внимателно го проучува влијанието на големиот француски филозоф Мишел Фуко (Michel Foucault) врз современата феминистичка мисла и феминистичките политиколошки и политички теории. Политиката на идентитет, според Луис Мекнеј е фракционерска и деполитизирана и го одвлекува вниманието од

урнатините на доцниот капитализам кон суперструктурни културни акомодации коишто ги оставаат економските структури непроменети.

Лоис Макнеј во својето дело „Против признавањето“ (Against Recognition) истакнува[37] дека барањата за идентитетот коишто се во ср’жта на многу современи социјални движења, се претставени како барања за признавање во контекст на упростениот приказ на моќта. Политикологот, Венди Браун (Wendy Brown), професор по политологија на Калифорнискиот универзитет во Беркли (University of California, Berkeley) од Беркли, Калифорнија (Berkeley, California, USA) потенцира[38] дека политиката на идентитетот има своја генеологија во општествените тенденции карактеристични за либералниот капитализам којшто немилосрдно ја зацврстува приврзаноста кон доминантните политички идентитети.

Соња Крукс (Sonia Kruks) професор на Дарамскиот Универзитет (Durham University) од Англија, Обединето Кралство (England, UK) во своето дело „Прибирање на искуство: Субјективноста и препознавањето во феминистичката политика“ („Retrieving Experience: Subjectivity and Recognition in Feminist Politics“) истакнува[39] дека концепцијата на политиката на идентитетот претставува оригинална филозофско-политиколошка размисла во однос на претходните предидентитетски форми филозофско-политиколошки доктрини. При што концепцијата на политиката на идентитетот инсистира дека токму аргументите втемелени во нејзиното барање за признавање на правата на идентитетските заедници, всушност се втемелени врз истите основи поради кои претходно правото на признавањето на дадените права било негирано, без оглед дали станува збор за правата на жените, правата на луѓето кои според бојата на

---

[37] поопширно види: Lois McNay: *Against Recognition,* Polity Press, Cambridge, 2007.
[38] своите политиколошки концепции поврзани со критичката размисла за политиката и идентитетот политикологот Венди Браун ги разработува во делата „Edgework: Critical Essays on Knowledge and Politics“ и „Politics Out of History“. Види поопширно: Wendy Brown: *Edgework: Critical Essays on Knowledge and Politics*, Princeton University Press, Princeton, 2005. и Wendy Brown: *Politics Out of History,* Princeton University Press, Princeton, 2001.
[39] види поопширно: Sonia Kruks: *Retrieving Experience : Subjectivity and Recognition in Feminist Politics,* Cornell University Press, Ithaca, 2001, pp. 79-125.

кожата и припаѓаат на црната раса, правата на сексуалните малцинста, како што се тоа лезбејките, хомосексуалните мажи или трансродните индивидуи, или правата на припадниците на други потчинети или угнетувани општествени групи кои бараат признавање и правна заштита. Барањето не се однесува на инклузија под плаштот на моралната свест за почитувањето на секоја личност и препознавањето на заедничките човечки атрибути, ниту, пак, се однесува на почитувањето на културниот диверзитет и индивидуалните разлики. Она на што инсистира политиката на идентитетот е препознавањето и признавањето на индивидуата како уникатно множество диверзитети. Новозеландскиот филозоф, професор на Универзитетот Станфорд (Stanford University) од Станфорд, Калифорнија, САД (Stanford, California, USA) и на Универзитетот Харвард (Harvard University) од Кембриџ, Масачусетс, САД (Cambridge, Massachusetts, USA), Сузан Молер Окин истакнува дека мултикултурализмот како политички и општествен феномен може да има негативно влијание врз општествено-политичката положба на жените[40], особено кога се работи за соочување со рецидивите од патријархалниот морално-вредносен систем кај малцинските култури. Познатиот канадски интелектуалец, писател, едукатор и политички активист, Таиаиаке Алфред (Taiaiake Alfred), професор на Универзитетот Викторија (University of Victoria), Викторија, Британска Колумбија, Канада (Victoria, British Columbia, Canada), етнички Индијанец од племето Мохавк (најисточното племе од сојузот на Ирокезите), во своето дело „Мир, моќ, праведност: Манифест на автохтоното население“ („Peace, Power, Righteousness: An Indigenous Manifesto“) во одбрана на враќањето на традиционалните домородни вредности[41] тврди дека домородните системи на владеење се состојат од јасни политички вредности, радикално различни од доминантните актуелни тенденции, втемелени врз цивилизациските придобивки на европските култури. Културните системи крактеристични за домородните култури најчесто

[40] види поопширно: Susan Moller Okin: *Is Multiculturalism Bad for Women?* in: Joshua Cohen - Matthew Howard - Martha C. Nussbaum (ed.): *Is Multiculturalism Bad for Women?* Princeton University Press, Princeton, 1999, pp. 7-26.

се втемелени врз препознавањето на човекот како иманентен и неодделив дел на природната средина во која живее, при што се инсистира на културната надградба на ставовите за продлабочувањето на содејството и синергијата меѓу човекот и природата. Концепцијата на доминација на човекот врз природата, на единката врз другите членови на општеството или на определени општествени институции врз членовите на даденото општество е во директна спротивност со базичниот вредносен образец за наведените вредносни системи.

Принципот на рамноправноста претставува базична вредност на мултикултурализмот при што различните мултикултуролошки концепции ги анализираат можностите за имплементација на институционалната правна рамка која би гарантирала базична општествена промоција на равноправноста на сите граѓани во даденото општество, при што се укажува дека суштествен предизвик претставува прашањето на изградбата на модалитетите кои низ софистициран пристап кон дефинирањето на правната рамка би овозможиле поттикнување и зајакнување на општествената свест за принципот на рамноправноста како базична хуманистичка вредност, при што единствено низ почитувањето на рамноправноста како базична хуманистичка вредност индивидуата може да го гради и изгради своето лично достоинство.

---

[41] види поопширно: Taiaiake Alfred: *Peace, Power, Righteousness: An Indigenous Manifesto*, Oxford University Press, Oxford 2008.

## III. ПОПУЛИСТИЧКИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО ДЕМОКРАТСКИТЕ ЕВРОПСКИ ДРЖАВИ КОН КРАЈОТ НА XX И ВО ПОЧЕТОКОТ НА XXI ВЕК И НИВНИОТ ОДНОС КОН МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

Популизмот претставува политичка идеологија која со недоверба гледа кон претставничката демократија и мултикултурализмот, но тоа нужно не подразбира дека популистичките партии експлицитно промовираат антидемократски, националистички и расистички позиции. Токму затоа голем број партии и здруженија кои можат да се окарактеризираат како популистички и кои во своите партиски програми или партиско делување промовираат ставови карактеристични за популизмот, сосема ефикасно функционираат во опкружување на демократските институции и во рамките на општествено-политичкиот живот на демократското плуралистичко општество.

Според анализата на современото сфаќање на поимот „идеологија“ на англискиот политиколог Ендру Хејвуд промовирана во неговото влијателно дело „Политички идеологии: Вовед“ („Political Ideologies: An Introduction“)[42] се потенцираат три аспекти карактеристични за идеологиите: критиката на актуелната ситуација, визијата за идеалната ситуација и предлози за стасување од моменталната до идеалната ситуација. Согласно наведените три аспекти карактеристични за идеологиите популистите се остри критичари на актуелните општествено-политички состојби и тенденции, за што според нив највиновни се актуелните либерални политички елити кои што дејствуваат согласно

[42] Andrew Heywood: *Political Ideologies: An Introduction,* Palgrave Macmillan, Basingstoke, 2003.

сопствените тесногради интереси, идеалното општествено уредување треба да ја промовира, почитува и да и се потчини на „општата волја“ на народот, додека кога станува збор за предлозите за стасување од актуелната општествено-политичка ситуација до идеалната општествено политичка состојба популистите во основа немаат јасно дефинирани чекори на делување, но инсистираат на потребата од надминување или разградување на актуелното либерално демократско општество и постапна изградба на јавни или државни институции кои би биле водени од „општата волја“ на народот, односно изградба на институции кои би биле под потполна контрола на популистичките партии по нивното преземање на власта.

## 1. Идеолошките позиции и политичката тактика на современите популистички партии

Современиот популизам е повеќе од политичка тактика или стил на политичка комуникација, и е операционализиран во три основни димензии: популистите му се обраќаат на народот со критики кон актуелната либерална политичка елита и повикуваат на воспоставување директна врска меѓу политичките лидери и народот. Доколку се анализираат политичките програми и делувањето на популистичките политички партии од демократските држави пред се од Западна Европа, како што се Национален фронт од Франција (Front National)[43], Швајцарска народна партија (Schweizerische Volkspartei)[44], Листа на Пим Фортејн од Холандија (Lijst Pim Fortuyn)[45], Фламанскиот блок од Белгија

[43] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на Националниот фронт од Франција (Front National) можат да се најдат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.frontnational.com/.
[44] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на Швајцарска народна партија (Schweizerische Volkspartei) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.svp.ch/.
[45] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на Листа на Пим Фортејн од Холандија (Lijst Pim Fortuyn) во периодот од 14 февруари 2002 кога движењето е официјално формирано, до 1 јануари 2008 кога движењето е официјално распуштено, можат да се најдат на официјалната интернет презентација на движењето на ВЕБ адресата: http://www.lijst-pimfortuyn.nl/,

(Vlaams Blok)[46], Републиканците од Германија (Die Republikaner)[47], Национал-демократска партија на Германија (Nationaldemokratische Partei Deutschlands)[48] и Австриска партија на слободата (Freiheitliche Partei Österreich)[49], се забележуваат значителни програмски разлики помеѓу овие партии, поради што современата политиколошка аналитика прави дистинкција меѓу неколку варијанти на популизмот, при што базичните критериуми-индикатори се начинот на кој политичките субјекти го дефинираат поимот „народ", потоа карактерот на нападите кон актуелната „одродена политичка и општествена елита", како и видот на предлозите афирмирани од дадените популистички политички субјекти во насока на зајакнувањето на директната демократија односно во насока на создавање на директна врска меѓу граѓаните и власта, раководството односно водачите на народот. Популистичките партии и движења ја избегнуваат употребата на определбата „популистички политички субјект" и укажуваат на повеќедимензионалноста на популизмот како општествен феномен, односно на принципите и индикаторите според кој популистичките партии можат да се класифицираат.

Со зголемување на политичките превирања во рамките на општествено-политичкиот живот во либерално-демократските држави во Европа во текот на последните децении на XX и првата деценија на XXI век, популизмот сè поизразено и поагресивно зазема сè поистакнато место во политичко-

---

или во ВЕБ архивата на адресата http://web.archive.org/web/20061006080121/http://www.lijst-pimfortuyn.nl/.

[46] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на Фламанскиот блок од Белгија (Vlaams Blok) во периодот од 28 мај 1979 кога движењето е официјално формирано, до 14 ноември 2004 кога движењето е официјално распуштено, можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на движењето на ВЕБ адресата: http://www.vlaamsblok.be/.

[47] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на гермаската политичка партија Републиканци (Die Republikaner) можат да се најдат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.rep.de/.

[48] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на гермаската политичка партија Национал-демократска партија на Германија (Nationaldemokratische Partei Deutschlands) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.npd.de/.

[49] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на австриската политичка партија Австриска партија на слободата (Freiheitliche Partei Österreich) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.fpoe.at/.

партискиот спектар, при што се забележува базична тенденција дека со зголемувањето на политичката моќ на популистичките партии од фундамент се менува менталитетот карактеристичен за политичко-општествениот живот на дадените европски демократии.

Популизмот е ефикасен инструмент за злоупотреба на политичка моќ. На прв поглед можеби популизмот делува како едноставен рецепт во политичката борба за освојување на симпатиите на гласачите, но неговото место во политичката теорија не е јасно одредено и дефинирано. Причината за тоа е што популизмот во пропагандни цели е применуван и од лево ориентирани и од десно ориентирани партии, како и од партиите на центарот, и од умерените и од радикалните партии и политички движења, но и од поединци и групи кои повеќе ја љубат власта и моќта, а помалку ја љубат вистината. Како што истакнува професорот Љубомир Кекеновски наставник по предметот Економија на јавниот сектор на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: „Популизмот има тенденција да ги замени институциите со партиски војници како продолжена рака на една политика."[50] Всушност, се отвара неограничена можност власта да ја скуси и видоизмени институционалната процедура при донесување одлуки и реализација на проекти и директно да комуницира со граѓаните без други (институционални) посредници. Популистите се обидуваат да создадат системска општествено-институционална рамка која би ги поттикнала граѓаните наместо да веруваат во закон и процедури, да веруваат во добрата волја и семоќта на лидерот и партијата. Повеќето од анализи на феноменот на популизмот во научните кругови потенцираат дека како последица на јакнењето на демократските процеси во средината на XIX век, јакнат и популистичките партии и движења, кои всушност паразитираат врз кредибилитетот на идејата за демократија. Во средината на XIX век традиционалните форми на владеење на политичките и економските елити (најчесто од олигархиски вид) беа засенети и потиснати од

[50] Љубомир Кекеновски, *Економски популизам и македонските заблуди,* во: ФОРУМ Аналитика бр. 8 Досие: Популизам, Скопје, 2007.

социјалната мобилизација и бунтовност, дури и револуционерен занес на посиромашните општествени слоеви. Тогашните популистичи движења се обраќале на народот - на работниците, селаните и на подосиромашените ситносопственици, во обид да ја соборат доминацијата на востановените елити. Поимот популизам во политичката теорија сè пофреквентно се користи кон крајот на XIX век, кога определени социолози со него го опишуваат движењето на селаните (фармерите) во САД. Селанското движење во тој период ја интензивира борбата против општите тенденции на концентрацијата на огромен капитал и моќ во Њујорк. Тоа се залага за политичка промоција на егалитаристичките принципи, демократизирањето на институцијата референдум, воспоставување на земјоделски здруженија и за државна интервенција во фискалниот сектор што би овозможило широка достапност на ефтини кредити пред сè за земјоделците и ситносопствениците. Врз овие политички принципи во 1892 година е формирана Народната партија (People's Party) на САД. Партијата била позната и според називот „Популисти". Народната партија има забележано видливи политички успеси во периодот од 1892 до 1896 година. Таа била исклучително популарна меѓу посиромашните слоеви на југот на Соединетите Американски Држави. Но, поради внатрешните турбуленции и несогласувања, таа била распуштена во 1908 година.

Денес како екстремни, популистички партии во Европа се третираат Алијанса за иднината на Австрија (Bündnis Zukunft Österreich),[51] Австриската партија на слободата (Freiheitliche Partei Österreichs), Народната партија на Швајцарија (Schweizerische Volkspartei); Националниот фронт (Front National) во Франција; Фламански интерес (Vlaams Belang) во Белгија[52], која што ги застапува интересите на Фламанците; Северната лига (Lega Nord, полно име

---

[51] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на австриската политичка партија Алијанса за иднината на Австрија (Bündnis Zukunft Österreich) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.bzoe.at/.
[52] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на белгиската политичка партија Фламански интерес (Vlaams Belang) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.vlaamsbelang.org/.

Lega Nord per l'Indipendenza della Padania)[53], Националната алијанса (Alleanza Nazionale) во Италија[54]; Данска народна партија (Dansk Folkeparti) во Данска[55]; Британска национална партија (British National Party) во Велика Британија[56], Шведските демократи (Sverigedemokraterna)[57] итн.

Во 70-те години на минатиот век и некои движења и организации биле нарекувани популистички, со цел истите да бидат претставени како анахрони и недемократски. Така биле третирани некои феминистички движења, еколошки и пацифистички движења.

Популизмот не ги заобиколува ниту масовните медиуми, па така како популистички се препознаени: телевизиската станица Фокс њуз (FOX News) во САД, таблоидот Сан (The Sun) во Велика Британија, германскиот весник Билд (Bild), весникот Кронен Цајтунг (Kronen Zeitung) во Австрија и други.

Многу често, како популистички се означени и разни мобилизирачки и други стратегии на политичките елити или на одредени личности кои што се општествено влијателни и кои во одреден политички контекст имаат моќ и можност да ги одредуваат државните и јавните политики и да го обликуваат културно-социолошкиот дискурс.

Неретко во политичките партии со десничарски и екстремни одредници, лидерските позиции се зафатени од харизматични личности кои отворено ја

[53] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на италијанската политичка партија Северната лига (Lega Nord, полно име Lega Nord per l'Indipendenza della Padania) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.leganord.org/.

[54] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на италијанската политичка партија Националната алијанса (Alleanza Nazionale) во периодот од 27 јануари 1995 кога движењето е официјално формирано, до 22 март 2009 кога движењето е официјално распуштено, можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.alleanzanazionale.it/.

[55] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на политичката партија Данска народна парија (Dansk Folkeparti) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.danskfolkeparti.dk/.

[56] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на политичката партија Британска национална партија (British National Party) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: http://www.bnp.org.uk/.

декларираат својата лидерска позиција и алфа-водство. Овие лидери се одлучувачки фактор за десно ориентираните популистички партии кои што своите принципи ги темелат на принципот на крута и централистички изградена хиерархија. Главното оружје на популизмот е мобилизацијата. Тој постојано бара загреаност на машинеријата, особено на онаа гласачката.

Голем број на политиколози се обидуваат да го објаснат успехот и природата на новите партии како што се холандската Листа на Пим Фортејн (Lijst Pim Fortuyn), белгиската Фламански блок (Vlaams Blok) и францускиот Национален фронт (Front national). Овие партии служејќи се со базичните популистики концепции покажуваат исклучителна виталност и постигнуваат забележителни изборни успеси. Сепак, доста често одредницата популистички партии се користи неселективно и без премногу размислување за меѓупартиските разлики. Наместо овој недостаток на концептуална прецизност која не е невообичаена кај научниците политиколози, препорачливо е терминот популизам да биде дефиниран и операционализиран попрецизно и во релативен манир, со што ќе се овозможи варијација меѓу политичките партии низ времето и просторот и соодветно на тоа, на општествените контексти.

[57] Деталите за програмските определби и политичкото дејствување на политичката партија Шведски демократи (Sverigedemokraterna) можат да се прочитаат или преземат на официјалната интернет презентација на партијата на ВЕБ адресата: https://sverigedemokraterna.se/.

## 2. Базичните политички карактеристики на современите популистичките политички партии во демократските европски држави

Во литературата која што ги третира политичките науки постојат многу различни концепции во врска со природата и карактерот на популизмот и на неговиот однос кон мултикултурализмот. Популизмот понекогаш се смета единствено како вид политичка тактика, некогаш како форма на политичка реторика или стил на политичка комуникација. Но, популизмот е податлив да се перципира како идеологија, која вклучува една специфична форма на критика на либералната демократија. Познатиот англиски политиколог, долгогодишниот професор на Килскиот Универзитет (Keele University, Newcastle-under-Lyme, Staffordshire, England) и на Ланкастерскиот Универзитет (The University of Lancaster, Lancashire, England) Маргарет Кенован (Margaret Canovan) го разбира популизмот како повик до „народот“ против утврдената структура на моќ и доминантните идеи и вредности на општеството. Според Кенован во популистичката реторика може да се забележи експлицитен повик за борба против актуелните политички елити и отфрлање на нивните вредности, со што би можела да биде воспоставена или обновена директната врска меѓу народот и политичките лидери. Овој популистички став кој ги дефинира актуелните политички елити како политички анахронизам, не е само опортунистичка изборна стратегија, но е дел од една идеолошки профилирана концепција. Современите популистички движења воочуваат постоење на длабока криза на претставничката демократија, криза предизвикана од една политичка елита која не е ниту релевантен претставник на граѓаните, ниту пак е блиска до народот. Популистичката кампања за институционални промени има за цел да ги ослабне позициите на политичките посредници, особено на традиционалните политички

партии, кои според реториката на популистите стојат на патот на слободното изразување на волјата на народот. Често поради непрецизната или двосмислена операционализација на популизмот, постои тренд политичките партии да бидат етикетирани како популистички. Најчесто апострофирани се радикалните десничарски партии во Западна Европа. Определени политички партии или здруженија можат да имаат популистички карактеристики, но тоа нужно не ги прави популистички. Трите клучни аспекти на популизмот се повикот до народот како монолитен самосвесен субјект, острата критика насочена кон актуелната општествено-политичка елита и заложбите за воспоставување општествен поредок кој би бил втемелен врз определен облик на директна демократија.

Националниот Фронт (Front National) во Франција беше основан од Жан-Мари ле Пен (Jean-Marie Le Pen) во 1972 година, кој ја започна својата политичка кариера со антиевропски и националистички настапи, блиски до некогашните ставови на пужадистите, припадниците и симпатизерите на конзервативната партија Унија за заштита на трговците и занаетчиите (Union de défense des commerçants et artisans), која како базична програмска определба ја посочуваше заштитата на бизнис интересите на малите трговци, а беше предводена од Пјер Пужад (Pierre Poujade), во 50-те години на минатиот век. Непријателството на Националниот Фронт кон емигрантите и бројните расистички изјави на Жан-Мари ле Пен беа осудувани од голем број политичари и општествени дејци, но Националниот Фронт избори место во Европскиот парламент, а имаше забележителни успеси на локалните избори во некои француски градови. Најголемиот национален успех на Националниот Фронт беше постигнат за време на претседателските избори во 2002 година, кога Жан-Мари ле Пен влезе во вториот круг, победувајќи го водачот на социјалистите Лионел Жоспен (Lionel Jospin) уште во првиот круг. Иако често етикетиран како екстремна десница, Националниот Фронт е етикетиран и како популистичко движење. Националниот Фронт предлага некои институционални промени како што се проширувањето на улогата на референдумите и народните

иницијативи, но недостига поопшта демократска реторика. Тврдењата што ги одразуваат таквите идеи се малку и им недостига вистинска и непогрешлива демократска содржина, при што партијата се залага да им се врати на Французите нивната слобода и се истакнува дека Националниот Фронт на прво место ги става интересите на Франција и францускиот народ. Во политичката реторика на Национален Фронт му недостига ескплицитно про-демократската природа. Националниот Фронт претставува партија на „прагматични" популисти, наспроти романтичарскиот екстремен нерационален популизам и национализам, карактеристичен за дел од популистичките движења. Национален фронт се стреми да се позиционира како партија блиска до народот и да зборува генерално против власта и владеачките елити, при што често се претставува како заштитник на одредени посиромашни, помалку образовани општествени слоеви. Нагласката во ваков тип референци може да се објасни преку нивните историски корени во рамките на либерално-конзервативните движења односно движењето на земјоделците. Националниот Фронт ветува намалување на влијанието на лоби групите при донесување на одлуки и вели дека ќе се бори против клиентелизмот во француската политика. Концентрацијата на власта во рацете на мал број луѓе, кои според Националниот Фронт се без соодветен мандат и без можност за сериозна функционална контрола врз базичните општествени текови, ги прави подложни на притисоци, како од страна на домашните ологархиско-плутократските кругови, така и од страна на лоби групите кои своите средства ги добиваат од странство. Критиката на елитите не се фокусира само на политичките актери, бидејќи и новинарите и научниците и бирократите се претставени како дел од неуспешниот систем. Националниот Фронт исто така го осудува претераното убивање на бирократијата и институциите, коишто не можат да произведат ниту социјален, ниту пак, економски резултат. Референците за народот што ги прави Националниот Фронт имаат експлицитно националистичка конотација и голем дел од нив ја сочинува категоријата „Французи", проследени со „сограѓани". Оваа опсервација е засилена од фактот дека многу тврдења го одразуваат

толкувањето на Националниот Фронт дека голем дел од проблемите од кои страдаат граѓаните на Франција се резултат на прекумерната имиграцијата и на процесот на евроинтеграцијата. Според Националниот Фронт, „буржоаските династии“ се во средиштето на еден проsирен политички систем, политичките и економските елити автоматски се репродуцираат преку Националната школа за администрација (École nationale d'administration), јавните и приватните позиции се разменуваат, а изборните мандати се пренесуваат од татко на син. Националниот Фронт е критички настроен кон мултикултурализмот и тежнее кон заштита и кон зачувувањето на француските вредности, француската култура и францускиот начин на живот во нивниот изворен облик.

Политичкото движење Листата Пим Фортејн (Lijst Pim Fortuyn) е прво општествено-политички исклучително влијателно популистичко движење во Холандија. За време на изборите во Холандија во 2002 година, Пим Фортејн (Pim Fortuyn) со својата изборна листа Листата Пим Фортејн (Lijst Pim Fortuyn) формирана на 14 февруари 2002 на Холандските генерални избори организирани на 15 мај 2002 година, успеа да освои 26 пратенички места (од вкупно 150 места) во Парламентот на Холандија, со што стана втора најмоќна политичка парламентарна сила во државата, веднаш по Христијанско-демократскиот апел (Christen-Democratisch Appèl) партијата на десниот-центар, која на изборите има освоено 43 пратенички места. По изборите беше формирана влада на чело со Јан Петер Балкененде (Jan Peter Balkenende) од Христијанско-демократскиот апел, во која освен Христијанско-демократскиот апел и Листата на Пим Фортејн партиципираше и либерално-конзервативната паријата на десниот-центар Народна партија за слобода и демократија (Volkspartij voor Vrijheid en Democratie). Листата на Пим Фортејн имаше исклучително значајна улога во новоформираната влада, добивајќи четири министри и заменик премиер. Кадри од Листата Пим Фортејн раководеа со Министерството за економија, Министерството за транспорт и води, Министерството за здравство и спорт и Министерството за интеграции и емиграција. Турбулентниот подем на Листата на Пим Фортејн и реториката на

нејзиниот лидер Пим Фортејн, којшто беше убиен девет дена пред изборите - предизвика современата политикологија да го дефинира концептот на современиот европски популизам во обид да го класифицираат политичкото дејствување на Листата на Пим Фортејн[58]. Листата на Пим Фортејн во рамките на својата политичка реторика е исклучително антибирократска партија, која во основа не е анти-елитистичка, ниту е остар критичар на целокупната општествена елита. Нејзината критика на постојните политички процеси практично и единствено е насочена против прекумерната бирократија и против постојниот правен систем. Листата на Пим Фортејн е особено насочена кон посредничките организации и институционалната рамка, коишто стојат меѓу народот и нивниот лидер. Листата на Пим Фортејн промовира конкретни предлози за креирање директна релација меѓу народот и власта, односно се обидува да разработи издржани модалитети за воведување на инструменти на директна демократија. Листата на Пим Фортејн има тенденција за народот да зборува на вредносно неутрален начин во однос на препознавањето т.е. непрепознавањето на „општата заедничка волја и цел на народот“, честопати употребувајќи го поимот „граѓани“. Листата на Пим Фортејн се залага за конкретни предлози за директни избори на функционери, во случајов градоначалници и премиер, зашто тоа оди во прилог на консултирање на јавноста и референдумите, особено за прашањата од Европската Унија. Овие тврдења се вградени во општиот, генерално демократски повик за транспарентност и предлогот да се обезбеди можност за говор во парламентот на обичните граѓаните. Програмата има јасен демократски вокабулар и повикува на тоа граѓаните да имаат пристап до власта. Односот на Листата на Пим Фортејн кон популизмот е двонасочна, движењето ја промовира културната толеранција и културниот диверзитет, но остро се спротиставува кон определени вредности, односно карактеристики на нехоландските културни

---

[58] види: Wouter van der Brug: *How the LPF fuelled Discontent: Empirical Tests of Explanations of LPF-support,* Acta Politica 38(1), 2003, pp. 89-106.

образци, промовирани пред сè од опрелени имигрантски заедници, кои можат да му наштетат на холанското општество и на холандскиот културен идентитет.

Партија за слобода (Partij voor de Vrijheid) е холандска популистичка, конзервативна, националистичка десничарско-либерална партија. Партијата е основана во 2005 година. На чело на партијата се наоѓа харизматичниот лидер Герт Вилдерс (Geert Wilders). Герт Вилдерс е контроверзна личност со исклучително радикални ставови, како што е ставот искажан за британскиот весник Гардијан (The Guardian) во кој истакнува дека не ги мрази муслиманите, но го мрази исламот.[59] Партијата е формирана како одговор на убиствата на холандскиот филмски режисер, продуцент, колумнист, писател, актер и општествено ангажиран интелектуалец Теодор „Тео“ ван Гог (Theodoor van Gogh; убиен во Амстердам на 2 ноември 2004 од страна на радикален холандско-марокански муслиман), и на убиството на Пим Фортујн со кого Вилдерс има споделувано слични политички ставови. Партијата освоила девет пратенички места на изборите за парламентот на Холандија во 2006 година. На изборите за Европскиот парламент 2009, партијата освоила 4 од 25-те холандски места. На изборите во 2010 година партијата освојила 24 места во парламентот на Холандија, со што станала трета највлијателна парламентарна политичка партија во државата. Идеолошки, партијата ја застапува идејата за асимилација на емигрантите, наместо интеграција и мултикултурализам. Партијата за слобода го заплашува холандското население со предвидувањето дека до колку не се сопре масовната имиграција од муслиманските земји и до колку не се изврши соодветна асимилација на емигрантите во блиска иднина Холандија ќе стане Холандарабија а Европа Еурабија. За да се добие појасна претстава за структурата на поддржувачите на Холандската партија за слобода на Фејзбук значајно е да се наведат базичните параметри поврзани за формалното членувањето во партијата Партија за слобода, гласањето за листите и

[59] поопширно за ставовите на Герт Вилдерс може да се дознае од текстот на новинарот Јан Трејнор (Ian Traynor) на адресата „http://www.guardian.co.uk/world/2008/feb/17/netherlands.islam“. Пристапено на 07.02.2013.

кандидатите на Партијата за слобода, како и учеството на масовните протести организирани од Партијата за слобода:[60]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Гласачи на Партијата за слобода | 82 | 91 | 81 | 86 | 84 |
| Учесници на масовните протести организирани од Партијата за слобода | 10 | 11 | 10 | 11 | 11 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Партијата за слобода на Фејзбук согласно индикаторите за степенот на образование треба да се имаат во предвид следните параметри:[61]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Основно образование | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 |
| Средно образование | 16 | 22 | 18 | 17 | 17 |
| Средно и вишо стручно образование (Middelbaar beroepsonderwijs - MBO) | 38 | 32 | 37 | 36 | 37 |
| Високо образование (професионално, Hoger beroepsonderwijs -HBO) | 32 | 27 | 32 | 30 | 31 |
| Високо образование (научно, Wetenschappelijk onderwijs - WO) | 12 | 14 | 12 | 13 | 12 |
| не се изјасниле (непознато) | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 |

[60] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Sarah de Lange: Populism in Europe: Netherlands, Demos, London, 2012, p. 32.
[61] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Sarah de Lange: Populism in Europe: Netherlands, Demos, London, 2012, p. 31.

Според социјалната структура на поддржувачите на Партијата за слобода на Фејзбук согласно индикаторите вработени, невработени и студенти треба да се имаат во предвид следните параметри:[62]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработени | 69 | 56 | 56 | 76 | 66 |
| Невработени | 7 | 22 | 4 | 18 | 11 |
| Студенти | 22 | 21 | 41 | 2 | 2 |

Според односот кон општиот курс по кој се движи холандската политика поддржувачите на Партијата за слобода на Фејзбук ги заземаат следните ставови:[63]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| потполно се согласувам | 4 | 5 | 2 | 7 | 4 |
| делумно се согласувам | 27 | 15 | 33 | 15 | 24 |
| делумно не се согласувам | 31 | 36 | 33 | 32 | 32 |
| воопшто не се согласувам | 18 | 27 | 11 | 30 | 20 |

Според поддржувачите на Партијата за слобода на Фејзбук најзначајните општествени прашања кои ги загрижуваат се:[64]

[62] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Sarah de Lange: Populism in Europe: Netherlands,, London, 2012, p. 31.

[63] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Sarah de Lange: Populism in Europe: Netherlands, Demos, London, 2012, p. 37.

[64] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Sarah de Lange: Populism in Europe: Netherlands, Demos, London, 2012, p. 36.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Исламскиот екстремизам** | **33** | **57** | **38** | **40** | **39** |
| **Имиграцијата** | **30** | **22** | **30** | **26** | **28** |
| Криминалот | 28 | 23 | 28 | 25 | 27 |
| Економската ситуација | 16 | 9 | 12 | 18 | 15 |
| **Мултикултурализмот** | **15** | **13** | **18** | **1** | **14** |

Холандската Партија за слобода е националистичка, шовинистичка и расистичка партија која е остар критичар на мултикултурализмот. Според перцепцијата на симпатизерите на Партијата за слобода три од петте најзначајни општествени прашања кои ги загрижуваат се поврзани со културниот диверзитет, а тоа се прашањата за исламскиот екстремизам, имиграцијата и мултикултурализмот. Холандската Партија за слобода е популистичко движење кое нетипично за современиот европски популизам искажува екстремни ставови против секој облик на мултикултурализам.

Фламанската регионалистичка партија Фламански блок (Vlaams Blok) оформена на крајот на седумдесетите години на XX век, кога две фламански партии Фламанската Национална партија (Vlaams Nationale Partij) и Фламанската Народна партија (Vlaamse Volkspartij), формираа коалиција која требаше да претставува алтернатива на тогашната белгиска политичка елита. Од почетокот на деведесетите години на XX век, па се до нејзиното официјално распуштање на 14 ноември 2004 година, Фламанскиот блок беше успешна политичка партија, која што имаше во просек околу петнаесет одсто поддршка од електоратот. Фламанскиот Блок ги споменува сопствениците на дуќани, хендикепираните и малите претприемачи како „обични луѓе“ и како значаен дел од целокупното Фламанско население, кое осетно е жртва на нелегитимната власт, на криминалот, на неправедното богатење или барем заработување на

Валонците и на емиграцијата врз грбот на Фламанците. Овие подгрупи се земаат како целина и се сметаат за „обични луѓе“, коишто треба да се ослободат од јаремот на белгискиот федерализам и корумпираниот естаблишмент заинтересиран само за себе. Фламански блок го критикуваше концептот на мултикултурализмот, укажувајќи на неможноста за функционална соработка меѓу Фламанците и Валонците во рамките на белгискиот општествено-политички живот.

Данската народна партија (Dansk Folkeparti) е популистичка конзервативна националистичка политичка партија во Данска. Партијата е оформена во 1995 година. Лидер на партијата е Кристијан Тулесен Дал (Kristian Thulesen Dahl). Данската народна партија е оформена од членовите кои ја напуштиле данската Напредна парија (Fremskridtspartiet) под раководство на влијателната политичарка Пиа Керсгор (Pia Kjærsgaard), Данска народна партија себе се дефинира како партија на умерената десница. Партијата застапува радикални ставови против исламот, комунизмот и хомосексуализмот. Основни програмски определби на Данска народна партија се истапување на Данска од Европската Унија, задржување на националната монета Круна и отфрлање на еврото, поддршка на Израел во борбата против исламизмот, воведување на санкции на исламистичките и комунистичките здруженија. На изборите во 2007 година партијата освоила 13.8 одсто гласови. За да се добие појасна претстава за структурата на подржувачите на Данската народна партија на Фејзбук значајно е да се наведат базичните параметри поврзани за формалното членување во Данската народна партија, гласањето за листите и кандидатите на Данската народна партија, како и учеството на масовните протести организирани од Данската народна партија:[65]

[65] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Mona Bani, Jack Benfield: Populism in Europe: Denmark, Demos, London, 2012, p. 32.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Членови на Данската народна партија | 20 | 29 | 23 | 26 | 24 |
| Гласачи на Данската народна партија | 48 | 47 | 32 | 78 | 48 |
| Учесници на масовните протести организирани од Данската народна партија | 22 | 16 | 23 | 12 | 19 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Данската народна партија на Фејзбук согласно индикаторите за степенот на образование треба да се имаат предвид следните параметри:[66]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно образование | 33 | 31 | 35 | 27 | 32 |
| Високо образование | 43 | 55 | 55 | 35 | 48 |
| Професионално образование | 22 | 14 | 9 | 37 | 19 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Данската народна партија на Фејзбук согласно индикаторите вработени, невработени и студенти треба да се имаат во предвид следните параметри:[67]

[66] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Mona Bani, Jack Benfield: Populism in Europe: Denmark, Demos, London, 2012, p. 31.
[67] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Mona Bani, Jack Benfield: Populism in Europe: Denmark, Demos, London, 2012, p. 31.

| | мажи (%) | жени (%) | под 26 години старост (%) | над 26 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработени | 52 | 43 | 34 | 67 | 48 |
| Невработени | 15 | 19 | 13 | 22 | 17 |
| Студенти | 30 | 35 | 52 | 5 | 33 |

Поддржувачите на Данската народна партија се умерено критички настроени во однос на курс по кој се движи данското општество и актуелната данска политика.

Според односот кон општиот курс по кој се движи данското општество и данската политика поддржувачите на Данската народна партија на Фејзбук ги заземаат следните ставови:[68]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| потполно се согласувам | 17 | 11 | 15 | 13 | 14 |
| делумно се согласувам | 26 | 27 | 27 | 26 | 27 |
| делумно не се согласувам | 14 | 16 | 14 | 16 | 15 |
| воопшто не се согласувам | 13 | 7 | 8 | 13 | 10 |

Според поддржувачите на Данската народна партија на Фејзбук најзначајните општествени прашања кои ги загрижуваат се:[69]

[68] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Mona Bani, Jack Benfield: Populism in Europe: Denmark, Demos, London, 2012, p. 37.
[69] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Mona Bani, Jack Benfield: Populism in Europe: Denmark, Demos, London, 2012, p. 38.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Имиграција** | 36 | 35 | 34 | 38 | 36 |
| **Исламскиот екстремизам** | 25 | 17 | 18 | 28 | 21 |
| Економската ситуација | 20 | 19 | 23 | 13 | 19 |
| Здравството | 10 | 25 | 18 | 14 | 17 |
| Криминалот | 10 | 21 | 14 | 19 | 15 |

Данската народна партија е критички настроена кон мултикултурализмот. Според перцепцијата на симпатизерите на Партијата за слобода две од петте најзначајни општествени прашања кои ги загрижуваат се поврзани со културниот диверзитет, а тоа се прашањата за имиграцијата и исламскиот екстремизам, но воедно Данската народна партија не е остар критичар на културниот диверзитет и на соработката и взаемно почитување меѓу луѓето со различен национален, расен и религиски идентитет.

Австриската партија на слободата (Freiheitliche Partei Österreichs) на политичката сцена се наоѓа уште од седумдесетите години на XX век и себеси се претставува како либерална партија. Меѓутоа, во доцните осумдесети години на XX век, подемот на нејзиниот истакнат лидер Јерг Хајдер (Jörg Haider) и навидум консеквентната радикализација на партиските изјави за емиграцијата, натера многумина Австриска партија на слободата да ја етикетират како радикално десно крило и популистичка партија. Австриската партија на слободата (Freiheitliche Partei Österreich) зборува за постојаната посветеност на развивањето и сочувувањето на демократијата за народот. Австриската партија на слободата инсистира на реформа на демократијата, при што смета дека на политичкиот систем на Австрија од една страна му е потребен послободен натпревар меѓу демократските сили во рамки на еден многупартиски систем и дека е неопходно да се изградат соодветни механизми за намалување на

влијанието на партиите и лоби групите. Партијата на слободата повикува на комплементација на парламентаризмот со помош на инструментите на директната демократија. Австриската партија на слободата ветува дека ќе ги одбрани плебисцитарните права на сите полиња од законодавството, на провинциско и на сојузно ниво. Австриската партија на слободата ги предлага следниве инструменти за директна демократија: проширени можности за референдуми и јавни прашалници; директен избор на членови на Сојузниот Совет чија власт треба да се возобнови во однос на екстра-уставните (нелегитимни) институции; директни избори (директни гласачки ливчиња од народот) на највисоките државни органи (претседател, министри, гувернери, градоначалници и административни раководители) и предвремено отстранување на таквите органи преку референдум. За Австриската партија на слободата зависноста од натежнатата бирократија врз државните комори или државниот апарат во кои доминираат партиите, треба да се редуцира според принципот на слободата. Овие тврдења можат да се толкуваат како поддршка на популистичката идеја за непосредни линкови меѓу народот и нивниот лидер. Австриската партијата на слободата се залага за воспоставување на поправична пазарна економија, која би ги оневозможила привилигиите на досега привилегираните групи и монополи, би ја спречила партиско-политичката контрола врз цели индустриски гранки, би ја спречила доминацијата на бирократијата во областа на социјалното осигурување, на јавната економија и политизираниот банкарски сектор. Австриската партија на слободата го критикува системот на давање финансиска поддршка на медиуми како и концентрацијата на сопственост во тој сектор кое што евидентно довело до известување под влијание на инструкции и кон масовно изобличување на политичката конкуренција. Постои сомнеж дека оваа критика има основа во фрустрациите на Австриската партија на слободата поради негативниот начин на портретирање на партијата во националните и меѓународните медиуми. Австриската партија на слободата спори и околу појавата на професионални организации кои се претвораат во „паравлада“, како резултат на нивната силна

позиција во социјалното партнерство. Држава во која владее правото покажува тенденции да произведе умножување на закони, за да го комплицираат пристапот на граѓаните до законот па дури и да го одрекуваат истиот. За Австриската партијата на слободата и агресивниот капитализам и пропаднатиот социјализам се непријатели на обичниот човек, бидејќи ги експлоатираат и човекот и природата и ги деградираат своите работници во администривни единици. Австриската партијата на слободата остро го критикува мултикултурализмот и настојува да ја заштити австриската култура од „негативните културни влијанија“ на националните малци и имиграцијата.

Движењето за подобра Унгарија (Jobbik Magyarországért Mozgalom) или скратено Јобик (Jobbik, унгарски збор за подобро) е популистичка, клерикално-конзервативна, ултра-десничарска, националистичка и расистичка партијата во Унгарија. Формирана е во 2003 година од незадоволни членови на десничарската партија Унгарска партија на правото и на животот (Magyar Igazság és Élet Pártja), како и од радикално настроени студентити од Будимпештанскиот универзитет Етвеш Лоран (Eötvös Loránd Tudományegyetem). На чело на партијата се наоѓа релативно младиот и харизматичен лидер Габор Вона (Gábor Vona, роден во 1978 година). Партијата има изборено пратеници за Европскиот парламент и за Националното собрание Унгарија. Согласно резултатите на парламентарните избори за Унгарскиот парламент организирани во 2010 година, Јобик избори 47 пратенички места од вкупно 386 седишта во парламентот на Унгарија, со што стана трета по сила парламентарна партија во државата. За да се добие појасна претстава за структурата на поддржувачите на Движењето за подобра Унгарија на Фејзбук значајно е да се наведат базичните параметри поврзани за формалното членувањето во партијата Движењето за подобра Унгарија, гласањето за листите и кандидатите на Движењето за подобра Унгарија, како и учеството на масовните протести организирани од Движењето за подобра Унгарија:[70]

[70] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Péter Krekó, Jack Benfield, Gabor Gyori: *Populism in Europe: Hungary,* Demos, London, 2012, p. 34.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Членови на Движењето за подобра Унгарија | 16 | 17 | 15 | 18 | 16 |
| Гласачи на Движењето за подобра Унгарија | 80 | 84 | 78 | 88 | 82 |
| Учесници на масовните протести организирани од Движењето за подобра Унгарија | 36 | 33 | 37 | 31 | 35 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Движењето за подобра Унгарија, на Фејзбук, согласно индикаторите за степенот на образование треба да се имаат во предвид следните параметри:[71]

| | мажи (%) | жени (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|
| Основно и средно образование | 73 | 70 | 72 |
| Високо образование (додипломски студии) | 20 | 24 | 22 |
| Постдипломски студии | 6 | 5 | 6 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Движењето за подобра Унгарија, на Фејзбук, согласно индикаторите вработени, невработени и студенти, треба да се имаат во предвид следните параметри:[72]

---

[71] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Péter Krekó, Jack Benfield, Gabor Gyori: *Populism in Europe: Hungary,* Demos, London, 2012, p. 33.

[72] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Péter Krekó, Jack Benfield, Gabor Gyori: *Populism in Europe: Hungary,* Demos, London, 2012, p. 33.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработени | 50 | 48 | 34 | 79 | 50 |
| Невработени | 10 | 17 | 10 | 16 | 12 |
| Студенти | 38 | 30 | 55 | 0 | 36 |

Според односот кон општиот курс на унгарската политика поддржувачите на Движењето за подобра Унгарија на Фејзбук ги заземаат следните ставови:[73]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| потполно се согласувам | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 |
| делумно се согласувам | 6 | 6 | 7 | 4 | 6 |
| делумно не се согласувам | 27 | 26 | 30 | 21 | 27 |
| воопшто не се согласувам | 43 | 49 | 39 | 55 | 45 |

Според поддржувачите на Движењето за подобра Унгарија на Фејзбук најзначајните општествени прашања кои ги загрижуваат се:[74]

| | вкупна популација (%) |
|---|---|
| **Интеграција на Ромите** | **28** |
| Криминалот | 26 |
| Економската ситуација | 24 |
| Невработеност | 21 |
| Раст на цените | 19 |

[73] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Péter Krekó, Jack Benfield, Gabor Gyori: *Populism in Europe: Hungary,* Demos, London, 2012, p. 39.

[74] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Péter Krekó, Jack Benfield, Gabor Gyori: *Populism in Europe: Hungary,* Demos, London, 2012, p. 38.

Движењето за подобра Унгарија е шовинистичка, расистичка, антилиберална парија, која остро му се спротивставува на мултикултурализмот. Следбениците на идеолошките принципи на Движењето за подобра Унгарија особено се непријателски настроени кон националните малцинства и имигрантите, при што во преден план ја истакнуваат критиката на улогата на ромското малцинство во унгарското општество.

Германската десно ориентирана партија Републиканците (Die Republikaner) не е влијателна политичка сила на сојузно ниво во Сојузна Република Германија, при што никогаш не го надминала прагот од 5 одсто поддршка. Републиканците беа формирани во 1983 година, како отцепено десно крило од Христијанско-социјалната унија на Баварија (Christlich-Soziale Union in Bayern). Нивниот почетен изборен успех им донесе места во многу локални совети, во државното законодавство во сојузната покраина (држава) во југозападна Германија Баден-Виртемберг (Baden-Württemberg) и во 1989 година и место во Европскиот Парламент. Во последниов период формираа техничка коалиција со Фламанскиот Блок и францускиот Национален Фронт. Во неколку студии, Републиканците се етикетирани како неопопулисти. Републиканците повикуваат на општо зајакнување на демократијата, а пред сè на зајакнување на директната демократија, што се материјализира во честите повици за референдуми по битните прашања за општеството и за заедницата, како и практикување на директната демократија при избор на државните функционери. Тие исто така се залагаат за еднакви можности за партиите коишто не се застапени во парламентот и ги критикуваат големите компании поради недостиг од демократска легитимизација. Републиканците поставуваат јасни и конкретни барања за конципирање и имплементација на демократските реформи во насока на зајакнувањето на директната демократија, но може да се забележи недоволно јасна, односно поапстрактна реторика во прилог на продлабочувањето на демократијата во насока на зголемувањето на слободите и правата на

малцинските групи. Републиканците остро го критикуваат монополизирањето на политичката моќ од страна на мал број моќни и богати политички партии. Тие сметаат дека постои определен вид заговор против државата од страна на актуелната финансиска и општествено-политичка елита. Германската десно ориентирана партија Републиканците е критички настроена кон идеите на мултикултурализмот од позиции на десниот популизам и национализам.

Швајцарската народна партија (Schweizerische Volkspartei) е формирана во 1971 година, но таа всушност влече корени од Бернската земјоделска и граѓанска партија (Bernischen Bauern und Bürgerpartei) формирана од фармерот, земјоделскиот лидер и политичар Рудолф Мингер (Rudolf Minger) во 1917 година. Швајцарската народна партија особено е насочена кон решавањето на економските проблеми кои го мачат општеството, пред сè обичните граѓани. односно средната класа и посиромашните општествени слоеви. Според Швајцарската народна партија актуелните политики водат кон исцрпување и уништување на средните претпријатија. Швајцарската народна партија инсистира последниот збор во процесот на конципирањето на надворешната политика да го има народот. Бидејќи Швајцарија ги користи инструментите на директна демократија повеќе од која било друга земја во Европа, не може да се очекува од Швајцарската народна партија (Schweizerische Volkspartei) јасно поставено барање за подиректни форми на демократија. Но, забележливо е дека Швајцарската народна партија силно се идентификува со народните иницијативи за референдуми. Швајцарската народна партија и во иднина ќе биде инструмент на неопходната директна демократија, кога ќе биде мнозинство во Парламентот. Швајцарската народна партија ја смета за предност директната демократија затоа што проблемите треба да се решаваат таму каде што се создале. Наместо да расправаат за директни форми на демократијата коишто веќе ги има во Швајцарија, Швајцарската народна партија го нагласува своето одобрување на честата употреба на овие инструменти, зашто тие на граѓаните им овозможуваат да ја изнесат својата волја директно во политичката арена. Швајцарската народна партија инсистира на зацврстувањето на врските

меѓу граѓаните и државното раководство. Швајцарската народна партија е остар критичар на мултикултурализмот, а пред сè ја нагласува негативната улога на имигрантите во швајцарското општество.

Северната лига за независност на Паданија (Lega Nord per l'Indipendenza della Padania) или скратено Северна лига (Lega Nord) претставува италијанска популистичка партија чии програмски определби се втемелени врз федералистички и автономистички ориентации. Движењето Северна лига како унија на поголем број партии и здруженија од северниот дел на Италија е формирано во 1989 година. Движењето набрзо станува релевантен политички чинител во северна Италија, што овозможува тоа да има претставници во локалната власт. Во 1992 година Северната лига успева да добие 80 места во италијанскиот парламент, и тоа 25 сенатори и 55 депутати во долниот дом на парламентот. Во 1996 Северната лига ги радикализира своите барања но и своето делување, јавно се произнесува за отцепување на северниот дел од Италија и формирање на независна држава Паданија, при што организира големи демонстрации долж текот на реката По, кои кулминираат на 15. септември 1996 година, кога на завршниот митинг во Венеција харизматичниот лидер на Северната Лига Умберто Боси изјавува: „Ние народите на Паданија свечано изјавуваме: Сојузната Република Паданија е независна и суверена. Им ги нудиме едни на другите во залог нашите животи, нашето богатство и нашата света чест“. Според Северната Лига, Сојузната Република Паданија би ја сочинувале сегашните италијански региони: Ломбардија, Тоскана, Марке, Умбрија, Долината на Аоста, Трентино - Јужен Тирол, Фурланија - Јулијска краина, Лигурија, Емилија-Романња, Венето и Пиемонт. Северната Лига се залага за сузбивање на моќта на бирократизираната администрација, пред сè на контролата од централната власт во Рим, контрола која не е насочена кон подобрувањето на условите на живот на обичните граѓани од северниот дел на Италија. Базичните ставови на приврзаниците на идеите на Северната лига се анализирани во студијата „Популизам во Европа: Северна лига“ („Populism in Europe: Lega Nord“) публикувано во 2012 година. За да се добие појасна

претстава за структурата на поддржувачите на Северната лига на Фејзбук значајно е да се наведат базичните параметри поврзани за формалното членувањето во паријата Северната лига, гласањето за листите и кандидатите на Северната лига, како и учеството на масовните протести организирани од Северната лига:[75]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Членови на Северната лига | 31 | 28 | 29 | 34 | 30 |
| Гласачи на Северната лига | 42 | 46 | 39 | 59 | 43 |
| Учесници на масовните протести организирани од Северната лига | 42 | 45 | 46 | 33 | 43 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Северната лига на Фејзбук согласно индикаторите за степенот на образование треба да се имаат во предвид следните параметри:[76]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно образование | 58 | 60 | 62 | 50 | 59 |
| Високо образование | 19 | 22 | 19 | 24 | 20 |
| Виша стручна спрема | 12 | 9 | 8 | 20 | 11 |
| не се изјасниле (непознато) | 11 | 9 | 11 | 6 | 10 |

[75] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Duncan McDonnell: Populism in Europe: Lega Nord, Demos, London, 2012, p. 34.
[76] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Duncan McDonnell: Populism in Europe: Lega Nord, Demos, London, 2012, p. 33.

Според социјалната структура на поддржувачите на Северната лига на Фејзбук согласно индикаторите вработени, невработени и студенти треба да се имаат во предвид следните параметри:[77]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработени | 40 | 35 | 26 | 78 | 38 |
| Невработени | 12 | 17 | 14 | 14 | 14 |
| Студенти | 46 | 47 | 59 | 2 | 46 |
| не се изјасниле (непознато) | 2 | 1 | 1 | 6 | 2 |

Според односот кон општиот курс по кој се движи италијанското општество и италијанската политика поддржувачите на Северната лига на Фејзбук ги заземаат следните ставови:[78]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| потполно се согласувам | 4 | 2 | 3 | 4 | 3 |
| делумно се согласувам | 9 | 5 | 7 | 11 | 8 |
| делумно не се согласувам | 19 | 22 | 21 | 19 | 20 |
| воопшто не се согласувам | 58 | 65 | 63 | 53 | 61 |

Според поддржувачите на Северната лига на Фејзбук најзначајните општествени прашања кои ги загрижуваат се:[79]

[77] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Duncan McDonnell: Populism in Europe: Lega Nord, Demos, London, 2012, p. 33.
[78] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Duncan McDonnell: Populism in Europe: Lega Nord, Demos, London, 2012, p. 42.
[79] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Duncan McDonnell: Populism in Europe: Lega Nord, Demos, London, 2012, p. 38.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Економската ситуација | 26 | 24 | 24 | 30 | 25 |
| **Имиграција** | **26** | **24** | **26** | **22** | **25** |
| Невработеност | 22 | 24 | 23 | 23 | 23 |
| **Исламскиот екстремизам** | **15** | **16** | **17** | **10** | **16** |
| Образованието | 12 | 19 | 17 | 6 | 15 |

Северната лига за независност на Паданија е критички насочена кон мултикултурализмот и ја истакнува опасноста која произлегува од негативното влијание на имигрнтите врз италијанското општество.

Каса Паунд (италијански: *CasaPound*) е италијанско популистичко политичко движење, кое промовира националистички, фашистички и нацистички политички ставови. Здружението е формирано во Рим во 2003 година. Каса Паунд својата идеологија ја темели врз традициите на италијанскиот фашизам од времето на Бенито Мусолини (Benito Mussolini), кој како диктатор владее со Италија од 1922 до 1943 година. Името на движењето може да се преведе и како „Куќата на (Езра) Паунд “ или „Куќата Паунд“. Движењето го носи името Каса Паунд во чест на големиот американски поет Езра Паунд (Ezra Pound, 1885-1972), еден од основоположниците на современата поезија на англиски јазик. Езра Паунд од 1924 година постојано се населил во Италија, а во 1933 со сите почести е примен на аудиенција кај италијанскиот фашистички диктатор Бенито Мусолини.

Паунд станува фашистички пропангандист и силен поддржувач на политиките на Бенито Мусолини. Во 1943 година САД го обвинуваат Паунд за соработка со непријателот и за велепредавство на татковината. По втората светска војна, од страна на американски експерти, Езра Паунд е прогласен за луд и пратен на лечење во болницата Сент Елизабет во Вашингтон, каде

престојувал дванаесет години од 1946 до 1958 година. По 1958 година Паунд се враќа во Италија, каде што починал во 1972 година.

Здружението Каса Паунд организира протестни маршеви и демонстрации, против актуелните политички текови. Припадниците на движењето Каса Паунд се познати по насилно однесување и по прекршување на јавниот ред и мир. Основачот и претседателот на Каса Паунд Џанлука Јаноне (Gianluca Iannone) во 2009 година беше осуден на четири години затвор за напад врз полициски службеник (во цивилна облека) за време на една масовна тепачка во 2004 година.

Движењето Каса Паунд во рамките на работата на „Каса Паунд - социјалниот центар" има свој музички бенд, здружение на цивилна заштита, го промовира спортот (пешачење и планинарење, падобранство, нуркање и сл.), организира синдикални, рекреативни и културни активности, вклучително и театарски претстави, веб радио, интернет телевизија и издава месечно списание. Се проценува дека Каса Паунд има околу 5000 членови.

За да се добие појасна претстава за структурата на подржувачите на Каса Паунд на Фејзбук значајно е да се наведат базичните параметри поврзани за формалното членувањето во Каса Паунд, како и учеството на масовните протести организирани од Каса Паунд:[80]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Членови на Каса Паунд | 20 | 19 | 21 | 18 | 20 |
| Учесници на масовните протести организирани од Каса Паунд | 45 | 34 | 46 | 31 | 43 |

[80] Jamie Bartlett - Jonathan Birdwell - Caterina Froio: *CasaPound,* Demos, London, 2012, p. 33.

Според социјалната структура на поддржувачите на Каса Паунд на Фејзбук согласно индикаторите за степенот на образование треба да се имаат во предвид следните параметри:[81]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Средно образование | 61 | 71 | 66 | 42 | 62 |
| Високо образование | 23 | 13 | 19 | 38 | 22 |
| Професионално образование | 10 | 14 | 10 | 17 | 11 |
| непознато | 6 | 2 | 5 | 3 | 5 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Каса Паунд на Фејзбук согласно индикаторите вработени, невработени и студенти треба да се имаат во предвид следните параметри:[82]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработени | 57 | 62 | 51 | 89 | 58 |
| Невработени | 11 | 9 | 12 | 6 | 11 |
| Студенти | 29 | 25 | 35 | 0 | 29 |
| непознато | 3 | 4 | 2 | 5 | 2 |

Според односот кон општиот курс по кој се движи италијанското општество и италијанската политика поддржувачите на Каса Паунд на Фејзбук ги заземаат следните ставови:[83]

[81] Jamie Bartlett - Jonathan Birdwell - Caterina Froio: *CasaPound,* Demos, London, 2012, p. 31.
[82] Jamie Bartlett - Jonathan Birdwell - Caterina Froio: *CasaPound,* Demos, London, 2012, p. 31.
[83] Jamie Bartlett - Jonathan Birdwell - Caterina Froio: *CasaPound,* Demos, London, 2012. p. 37.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| потполно се согласувам | 17 | 9 | 15 | 21 | 16 |
| делумно се согласувам | 27 | 26 | 28 | 24 | 27 |
| делумно не се согласувам | 14 | 22 | 14 | 19 | 15 |
| воопшто не се согласувам | 23 | 29 | 25 | 19 | 24 |

Според поддржувачите на Каса Паунд на Фејзбук најзначајните општествени прашања кои ги загрижуваат се:[84]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Економската ситуација | 31 | 37 | 31 | 36 | 32 |
| **Имиграција** | 27 | 25 | 28 | 20 | 26 |
| Невработеност | 24 | 27 | 25 | 22 | 24 |
| Корупцијата | 11 | 17 | 11 | 18 | 12 |
| Раст на цените | 11 | 8 | 10 | 12 | 10 |

Каса Паунд е профашистичка организација која ја критикува улогата на имигрантите во италијанското општество и во основа е остар критичар на либералното сфаќање на мултикултурализмот.

Шведските демократи (Sverigedemokraterna) е конзервативно националистичка политичка партија во Шведска. Лидер на Шведските демократи е младиот (роден 1979 година), влијателен и харизматичен Јими Окесон (Jimmie Åkesson). Партијата е формирана во 1988 година врз политичката платформа на национализам и конзервативизам. Партијата има воспоставено блиска соработка со француската партија Национален фронт, од

[84] Jamie Bartlett - Jonathan Birdwell - Caterina Froio: *CasaPound,* Demos, London, 2012, p. 36.

која во текот на деведесетите години на XX век дури има добивано и финансиска помош.

Според Шведските демократи имиграцијата, исламизацијата и глобализацијата се најголемите современи предизвици со кои се судира шведското општество.

Шведските демократи се остри критичари на политиките на Европската унија, Соединетите Американски Држави и НАТО. Најголема поддршка партијата има во гратчето Ландскруна (Landskrona) на југот на Шведска, каде што поддршката достигнува од дваесет и два одсто од гласачкото тело. Шведските демократи го контролираат дневниот весник „Шведски курир“ (SD-Kuriren), весник со тираж од триесет илјади примероци, кој во 2005 година ја објави карикатурата на муслиманскиот пророк Мухамед под наслов „Лицето на Мухамед (Muhammeds ansikte) што предизвика големи протести на муслиманските верници. Партијата има над четири илјади членови, во главно млади луѓе.

На изборите во 2010 година Шведските демократи освоија 5,7 одсто од гласовите што им донесе 20 места во Шведскиот парламент. За да се добие појасна претстава за структурата на поддржувачите на Шведските демократи на Фејзбук значајно е да се наведат базичните параметри поврзани за формалното членување во партијата Шведските демократи, гласањето за листите и кандидатите на Шведските демократи, како и учеството на масовните протести организирани од Шведските демократи:[85]

---

[85] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Jack Benfield: Populism in Europe: Sweden, Demos, London, 2012, p. 29.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Членови на Шведските демократи | 43 | 53 | 45 | 47 | 46 |
| Гласачи на Шведските демократи | 61 | 66 | 57 | 89 | 62 |
| Учесници на масовните протести организирани од Шведските демократи | 19 | 22 | 21 | 14 | 20 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Шведските демократи на Фејзбук согласно индикаторите за степенот на образование треба да се имаат предвид следните параметри:[86]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Основно образование | 16 | 21 | 20 | 12 | 18 |
| Средно образование | 66 | 60 | 70 | 45 | 64 |
| Високо образование | 12 | 12 | 8 | 26 | 12 |
| Стручно образование | 5 | 7 | 2 | 17 | 6 |

Според социјалната структура на поддржувачите на Шведските демократи на Фејзбук согласно индикаторите вработени, невработени и студенти треба да се имаат предвид следните параметри:[87]

[86] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Jack Benfield: Populism in Europe: Sweden, Demos, London, 2012, p. 28.
[87] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Jack Benfield: Populism in Europe: Sweden, Demos, London, 2012, p. 29.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Вработени | 42 | 43 | 35 | 73 | 42 |
| Невработени | 11 | 13 | 10 | 15 | 11 |
| Студенти | 46 | 42 | 54 | 3 | 45 |

Според односот кон општиот курс на шведската политика поддржувачите на Шведските демократи на Фејзбук ги заземаат следните ставови:[88]

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| потполно се согласувам | 25 | 31 | 25 | 32 | 27 |
| делумно се согласувам | 37 | 27 | 35 | 29 | 34 |
| делумно не се согласувам | 14 | 16 | 14 | 14 | 14 |
| воопшто не се согласувам | 10 | 7 | 9 | 9 | 9 |

Според поддржувачите на Шведските демократи на Фејзбук најзначајните општествени прашања кои ги загрижуваат се:[89]

---

[88] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Jack Benfield: Populism in Europe: Sweden, Demos, London, 2012, p. 34.

[89] Jamie Bartlett, Jonathan Birdwell, Jack Benfield: Populism in Europe: Sweden, Demos, London, 2012. p. 33.

| | мажи (%) | жени (%) | под 30 години старост (%) | над 30 години старост (%) | вкупна популација (%) |
|---|---|---|---|---|---|
| **Имиграција** | **49** | **46** | **49** | **44** | **48** |
| **Исламскиот екстремизам** | **33** | **30** | **31** | **35** | **32** |
| **Мултикултурализам** | **26** | **26** | **26** | **24** | **26** |
| Криминалот | 22 | 27 | 24 | 21 | 24 |
| Невработеност | 17 | 25 | 20 | 13 | 19 |

Партијата Шведските демократи е исклучително критична кон мултикултурализмот. Според перцепцијата на симпатизерите на Шведските демократи три од петте најзначајните општествени прашања кои ги загрижуваат се поврзани со културниот диверзитет, а тоа се прашањата за имиграцијата, исламскиот екстремизам и мултикултурализмот.

Во рамките на идеолошката матрица на современите европски популистички партии мултикултурализмот е идеологија и општествен феномен кој ја загрозува националната самобитност на европските нации. Според европските популистите мултикултурализмот ја разнебитува софистицираноста и духовноста на европските култури и согласно на тоа популистите сметаат дека е неопходо да се конципира соодветен политички одговор на „опасностите“ кои произлегуваат од мултикултурализмот.

# ЗАКЛУЧОК

Мултикултурализмот како филозофска и политиколошка концепција, но и како општествено-политичка пракса претставува феноменолошка појава која е израз на актуелниот цивилизациски миг. Процесите на глобализацијата и тоа пред сè во економската и политичката сфера, кои претставуваат иманентен дел на развитокот на постиндустриското, информатичко општество, со себе нужно носат и неопходност од појава на културна глобализација, односно неопходност од појава на меѓусебно проникнување на културите на глобално ниво. Овој глобален мултикултурализам не е резултат на изблик на добрата волја на човештвото туку е резултат на закономерностите на економско-политичките процеси кои се одвиваат на глобално ниво. Како секој општествен феномен кој во определен цивилизациски миг станува доминантен и непосредно влијае врз промената на цивилизациската парадигма и мултикултурализмот има свои идеолошки и политички противници. При обидот да се сфати и објасни феноменот на популизмот најчесто се доаѓа до две сознанија. Прво, дека популизмот е иманентен на демократијата и второ, дека демократските процеси нужно произведуваат популистички предизвици. А бидејќи демократијата е античка творба, не смееме да заборавиме дека демократското партиципирање на граѓаните во општествените и политички процеси создава плодна почва за делувањето на демагозите. Ако ги разгледуваме историските корени на овој феномен во Европа и се вратиме само малку назад, ќе видиме дека таму популизмот се појавува кон средината на 80-те години на минатиот век. Во овој

современ контекст треба да разликуваме две значења на поимот, едното како политички стил, а другото значење на поимот популизам како интегрален политички модел. Популизмот како политички стил денес е силно навлезен во политичката матрица и него го применуваат и етаблираните политичари. Ова најчесто се припишува на кризата на повеќепартиската демократија која функционираше и тоа прилично успешно од крајот на Втората Светска војна до почетокот на 80-те години на XX век во Европа. Во Западна Европа последните дваесетина години се случија сериозни политички промени коишто се одразија со значително намалување на приврзаноста на електоратот на етаблираните политички опции. Денес таму дури половина од избирачкото тело на долг рок е определено за една политичка опција, а во Источна Европа тој број е помал. Контекстот на националните евро-интегративни политики и ориентацијата кон глобалниот пазар стана прилично комплексна и видно е намалена способноста на партиите да формулираат маркантни сеопфатни програми како основа за своите јавни политики. Наместо тоа, партиите своите одлуки ги формулираат во спрега со бирокатијата, експертите, организираните интереси, наднационалните институции и одлучувачките фактори во граѓанскиот сектор. Од друга страна пак, медиумите имаат комплетно нова улога во модерирањето на релацијата меѓу политичарите и избирачите, но и во дефинирањето на политичката агенда. Во вакви услови, дури и етаблираните политички партии и политичари се приморани да ги ползуваат популистичките механизми и инструменти со кои на некој начин ја редуцираат комплексноста на општествената реалност, а проблемите на вистинските политички процеси и своите агенди и активности да ги насочат кон мобилизација на народот и на тој начин да ја обезбедат неговата поддршка. Карактеристични инструменти на популистичките политики се повикување на преовладувачкото јавното мислење, потенцирање на надпартискиот карактер на програмите и политиките, персонализација на политиката и секако, перманентната изборна кампања која служи за самопромоција на политичарите.

Демократијата денес нема ривали, но ги губи поддржувачите, а популистичките движења до одреден степен ги одразуваат таа амбивалентност и незадоволство. И претходно беше спомнато дека популизмот е иманентен на демократијата, па така тој не може да биде сфатен како недемократски или анти-демократски, туку како анти-либерален. А анти-либералниот карактер на популизмот е она што него често го спротиставува со базичните карактеристики на мултикултурализмот. Мултикултурните општества на територијата на Централна и Источна Европа кои последните децении се зафатени од популистичко-националистички бран, се соочуваат со сериозно поткопување на вредностите на мултикултурализмот, анти-европеизам и ксенофобија. Ерозијата на фундаментите на мултикултурализмот не претставува наивна закана за слободата и човековите права и токму заради тоа популизмот треба да биде третиран и ползуван со исклучително внимание, особено од одлучувачките фактори во едно општество.

## ЛИТЕРАТУРА


Abts, Koen - Stefan Rummens: „Populism versus Democracy“, Political Studies vol. 55 no. 2, 2007, pp. 405-424.

Albertazzi, Daniele - Duncan McDonnell: *Twenty-First Century Populism: The Spectre of Western European Democracy,* Palgrave Macmillan, New York, 2008.

Alfred, Taiaiake: *Peace, Power, Righteousness: An Indigenous Manifesto,* Oxford University Press, Oxford 2008.

Appiah, Kwame Anthony: *Cosmopolitanism: Ethics in a World of Strangers,* W. W. Norton & Company, New York, 2010.

Appiah, Kwame Anthony: *The Ethics of Identity,* Princeton University Press, Princeton, 2007.

Arditi, Benjamin: *Politics on the Edges of Liberalism: Difference, Populism, Revolution, Agitation,* Edinburgh University Press, Edinburgh, 2009.

Arendt, Hannah: *Eichmann in Jerusalem,* Penguin Classics, London, 2006.

Arendt, Hannah: *The Origins of Totalitarianism,* Harcourt, San Diego, 1973.

Arendt, Hannah - Jerome Kohn: *Between Past and Future,* Penguin Classics, London, 2006.

Аристотел: *Никомахова етика,* Три, Скопје, 2003.

Аристотел: *Политика,* Слово, Скопје, 2006.

Barry, Brian: *Culture and Equality: An Egalitarian Critique of Multiculturalism,* Polity Press, Cambridge, 2001.

Bartlett, Jamie - Jonathan Birdwell - Caterina Froio: *CasaPound,* Demos, London, 2012.

Bartlett, Jamie - Jonathan Birdwell - Duncan McDonnell: *Populism in Europe: Lega Nord,* Demos, London, 2012.

Bartlett, Jamie - Jonathan Birdwell - Jack Benfield: *Populism in Europe: Sweden,* Demos, London, 2012.

Bartlett, Jamie - Jonathan Birdwell - Mona Bani, Jack Benfield: *Populism in Europe: Denmark,* Demos, London, 2012.

Bartlett, Jamie - Jonathan Birdwell - Péter Krekó - Jack Benfield - Gabor Gyori: *Populism in Europe: Hungary,* Demos, London, 2012.

Bartlett, Jamie - Jonathan Birdwell - Sarah de Lange: *Populism in Europe: Netherlands,* Demos, London, 2012.

Baumgold, Deborah: *Hobbes's Political Theory,* Cambridge University Press, Cambridge, 1988.

Baxter, Hugh: *Habermas: The Discourse Theory of Law and Democracy,* Stanford University Press, Stanford, 2011.

Berlet, Chip - Matthew N. Lyons: *Right-Wing Populism in America: Too Close for Comfort,* The Guilford Pres, New York, 2000.

Berlin, Isaiah: *Four Essays on Liberty,* Oxford University Press, Oxford, 1990.

Betz, Hans-Georg: *Radical Right-Wing Populism in Western Europe,* Palgrave Macmillan, New York, 1994.

Betz, Hans-Georg - Stefan Immerfall (ed.): *The New Politics of the Right: Neo-Populist Parties and Movements in Established Democracies,* Palgrave Macmillan, New York, 1998.

Blum, Lawrence A.: *Antiracism, Multiculturalism, and Interracial Community: Three Educational Values for a Multicultural Societ,* Office of Graduate Studies and Research University of Massachusetts at Boston, Boston, 1992.

Blum, Lawrence: *High Schools, Race, and America's Future: What Students Can Teach Us About Morality, Diversity, and Community,* Harvard Education Press, Cambridge, 2012.

Braaten, Jane: *Habermas's critical theory of society,* State University of New York Press, New York, 1991.

Brown, Wendy: *Edgework: Critical Essays on Knowledge and Politics,* Princeton University Press, Princeton, 2005.

Brown, Wendy: *Politics Out of History,* Princeton University Press, Princeton, 2001.

Brug, Wouter van der: *How the LPF fuelled Discontent: Empirical Tests of Explanations of LPF-support,* Acta Politica 38(1), 2003.

Canovan, Margaret: *Populism,* Houghton Mifflin Harcourt, Boston, 1981.

Carens, Joseph H.: *Culture, Citizenship, and Community: Contextual Political Theory and Justice As Evenhandedness,* Oxford University Press, New York, 2000.

Cohen, Joshua - Matthew Howard - Martha C. Nussbaum (ed.): *Is Multiculturalism Bad for Women?* Princeton University Press, Princeton, 1999.

Cohn, Samuel Kline: *Popular Protest in Late-Medieval Europe: Italy, France and Flanders,* Manchester University Press, Manchester, 2005.

Dahl, Robert A.: *Democracy and Its Critics,* Yale University Press, New Haven, 1989.

Dahl, Robert A.: *Dilemmas of pluralist democracy: Autonomy vs. Control,* Yale University Press, New Haven, 1989.

Dahl, Robert A.: *Who Governs? Democracy and Power in an American City,* Yale University Press, New Haven, 2005.

Џонсон, Џенет Батолф - Рејнолдс, Х.Т. - Мајкоф, Џејсон Д.: *Истражувачки методи на политичка наука,* Академски печат, Скопје, 2009.

Ђурић, Михаило: *Порекло и будућност Европе,* САНУ - Плато, Београд, 2001.

Eriksen, Jens-Martin - Frederik Stjernfelt: *The Democratic Contradictions of Multiculturalism,* Telos Press Publishing, New York, 2012.

Foucault, Michel: *Discipline and Punish: The Birth of the Prison,* Vintage Books, 1995.

Foucault, Michel: *The Birth of Biopolitics: Lectures at the Collège de France, 1978-1979,* Picador, London, 2010.

Fourier, Charles: *Civilizacija i novi socijetarni svijet,* Školska knjiga, Zagreb, 1980.

Gilligan, Carol: *In a Different Voice: Psychological Theory and Women's Development,* Harvard University Press, Cambridge, 1993.

Goodwyn, Lawrence: *The Populist Moment: A Short History of the Agrarian Revolt in America,* Oxford University Press, Oxford, 1978.

Gramsci, Antonio: *Selections from the Prison Notebooks,* International Publishers, New York, 1971.

Amy Gutmann (ed.): *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition,* Princeton University Press, New Jersey, 1994.

Habermas, Jürgen: *A Berlin Republic: Writings on Germany,* University of Nebraska Press, Lincoln, 1997.

Habermas, Jürgen: *Time of Transitions,* Polity Press, Cambridge, 2006.

Hajek, Fridrih August: *Put u ropstvo,* Global Book, Novi Sad, 1997.

Hayek, Friedrich August: *The Constitution of Liberty,* University of Chicago Press, Chicago, 2011.

Хегел, Георг Вилхелм Фридрих: *Феноменологија на духот,* Ѓурѓа, Скопје, 2010.

Heywood, Andrew: *Political Ideologies: An Introduction,* Palgrave Macmillan, New York, 2003.

Heywood, Andrew: *Politics,* Palgrave Macmillan, New York, 2007.

Hjum, Dejvid: *Rasprava o ljudskoj prirodi,* Veselin Masleša, Sarajevo, 1988.

Хобс, Томас: *Левијатан или граѓата, обликот и моќта на црковната и граѓанската држава,* Аз-Буки, Скопје, 2010.

Кампанела, Томазо: *Градот на сонцето,* Ѓурѓа, Скопје, 2011.

Кант, Имануел: *Вечен мир,* Бошески М., Скопје, 2003.

Кант, Имануел: *Критика на практичниот ум,* Метафорум, Скопје, 1993.

Кекеновски, Љубомир: *Економски популизам и македонските заблуди,* во: ФОРУМ Аналитика бр. 8 - Досие: Популизам, Скопје, 2007.

Kruks, Sonia: *Retrieving Experience : Subjectivity and Recognition in Feminist Politics,* Cornell University Press, Ithaca, 2001.

Kukathas, Chandran - Pettit, Philip: *Rawls: A Theory of Justice and Its Critics,* Polity Press, Cambridge, 1990.

Kukathas, Chandran: *The Liberal Archipelago: A Theory of Diversity and Freedom,* Oxford University Press, New York, 2007.

Kuzminski, Adrian: *Fixing the System: A History of Populism, Ancient and Modern,* Continuum International Publishing Group, London, 2008.

Kymlicka, Will: *Contemporary Political Philosophy: An Introduction,* Oxford University Press, Oxford, 2001.

Kymlicka, Will: *Liberalism, Community, and Culture,* Oxford University Press, New York, 1991.

Kymlicka, Will: *Multicultural Citizenship: A Liberal Theory of Minority Rights,* Oxford University Press, London - New York, 1996.

Kymlicka, Will (ed.): *The Rights of Minority Cultures,* Oxford University Press, Oxford, 1995.

Laclau, Ernesto: *On Populist Reason,* Verso, London - New York, 2007.

Lipset, Seymour Martin: *Political Man: The Social Bases of Politics,* Johns Hopkins University Press, Baltimore, 1981.

Лок, Џон: *Писмо за толеранцијата; Две расправи за правдата,* Аз-Буки, Скопје, 2006.

Lovett, Frank: *Rawls's 'A Theory of Justice',* Bloomsbury Academic, London, 2011.

Макијавели, Николо*: Владетелот,* Феникс, Скопје, 2004.

Malan, Koos: *Politocracy - An assessment of the coercive logic of the territorial state and ideas around a response to it,* Pretoria University Law Press, Pretoria, 2012.

Manent, Pierre: *A World beyond Politics? A Defense of the Nation-State,* Princeton University Press, Princeton, 2006.

Manent, Pierre: *An Intellectual History of Liberalism,* Princeton University Press, Princeton, 1996.

Manent, Pierre: *The City of Man,* Princeton University Press, Princeton, 2000.

Manin, Bernard: *The Principles of Representative Government,* Cambridge University Press, Cambridge, 1997.

McGuigan, Jim: *Cultural Populism,* Routledge, London, 1992.

McMath, Robert C.: *American Populism: A Social History 1877-1898,* Farrar, Straus and Giroux, New York 1993.

McNay, Lois: *Against Recognition,* Polity Press, Cambridge, 2007.

Meyer, Thomas: *Media Democracy: How the Media Colonize Politics,* Polity Press, Cambridge, 2002.

Мил, Џон Стјуарт: *Потчинувањето на жените,* Догер, Скопје 1998.

Mil, Džon Stjuart: *Utilitarizam,* Kultura, Beograd, 1960.

Мил, Џон Стјуарт: *За слободата,* Епоха, Скопје, 1996.

Milardović, Anđelko: *Populizam i globalizacija,* Centar za politikološka istraživanja - Zagreb, Zagreb, 2004.

Milardović, Anđelko: *Političke stranke u doba tranzicije i globalizacije,* Centar za politikološka istraživanja - Zagreb, Zagreb, 2006.

Milkis, Sidney M. - Jerome M. Mileur (ed.): *Progressivism and the New Democracy - Political Development of the American Nation,* University of Massachusetts Press, Amherst, 1999.

Mises, Ludwig von: *Planning for Freedom: Let the Market System Work,* Liberty Fund, Indianapolis, 2008.

Мор, Томас: *Утопија,* Магор, Скопје, 2011.

Morgan, Michael L.: *Classics of Moral and Political Theory,* Hackett Publishing, Indianapolis, 2011.

Nancy, Jean-Luc: *The Truth of Democracy,* Fordham University Press, New York, 2010.

Ниче, Фридрих: *Волја за моќ,* Ѓурѓа, Скопје, 2008.

Ниче, Фридрих: *Така зборуваше Заратустра,* Ѓурѓа, Скопје, 2012.

Nozick, Robert: *Anarchy, State, and Utopia,* Basic Books, New York, 1977.

Nussbaum, Martha C.: *Creating Capabilities: The Human Development Approach,* Belknap Press of Harvard University Press, Cambridge, 2011.

Nussbaum, Martha C.: *The New Religious Intolerance: Overcoming the Politics of Fear in an Anxious Age,* Belknap Press, Cambridge, 2012.

Okin, Susan Moller: *Justice, Gender, and the Family,* Basic Books, New York, 1991.

Okin, Susan Moller: *Women in Western Political Thought,* Princeton University Press, Princeton, 1979.

Okin, Susan Moller: *Is Multiculturalism Bad for Women?* in: Joshua Cohen - Matthew Howard - Martha C. Nussbaum (ed.): *Is Multiculturalism Bad for Women?* Princeton University Press, Princeton, 1999, pp. 7-26.

Oostindie, Gert: *Postcolonial Netherlands: Sixty-five Years of Forgetting, Commemorating, Silencing,* Amsterdam University Press, Amsterdam, 2011.

Panizza, Francisco (ed.): *Populism and the Mirror of Democracy,* Verso Books, London, 2005.

Parekh, Bhikhu: *Colonialism, Tradition and Reform: An Analysis of Gandhi's Political Discourse,* Sage Publications, New York, 2000.

Parekh, Bhikhu: *Rethinking Multiculturalism: Cultural Diversity and Political Theory,* Macmillan Press, New York, 2000.

Платон: *Закони,* Три, Скопје, 2007.

Платон: *Политеја,* Три, Скопје, 2002.

Pensky, Max (ed.): *Globalizing Critical Theory,* Rowman and Littlefield Publishers, Lanham, 2005.

Plattner, Marc F.: *Democracy Without Borders? Global Challenges to Liberal Democracy,* Rowman and Littlefield Publishers, Lanham, 2008.

Plattner, Marc F.: „Populism, Pluralism and Liberal Democracy", Journal of Democracy vol. 21 no.1, 2010, pp. 83-90.

Postel, Charles: *The Populist Vision,* Oxford University Press, Oxford, 2009.

Rawls, John: *A Theory of Justice,* Belknap Press of Harvard University Press, Cambridge - New York, 2005.

Rawls, John: *Justice as Fairness: A Restatement,* Belknap Press of Harvard University Press, Cambridge, 2001.

Rawls, John: *Political Liberalism,* Columbia University Press, New York, 2005.

Raz, Joseph: *The Morality of Freedom,* Clarendon Press, New York, 1988.

Rensmann, Lars - Julius H. Schoeps: *Politics and Resentment: Antisemitism and Counter-Cosmopolitanism in the European Union,* Brill Publishers, Leiden, 2010.

Русо, Жан Жак: *Општествениот договор или начела на државното право,* Мисла и др., Скопје, 1978.

Sandel, Michael J. (ed.): *Liberalism and Its Critics,* New York University Press, 1984.

Sandel Michael J.: *Liberalism and the Limits of Justice,* Cambridge University Press, 1998.

Shapiro, Ian - Susan C. Stokes - Elisabeth Jean Wood - Alexander S. Kirshner (ed.): *Political Representation,* Cambridge University Press, Cambridge, 2010.

Schedler, Andreas: *Anti-Political-Establishment Parties,* Party Politics 2.3, 1996.

Schmitt, Carl - Ellen Kennedy: *Crisis of Parliamentary Democracy,* MIT Press, Cambridge, 1988.

Schumpeter, Joseph A.: *Capitalism, Socialism and Democracy,* Routledge, London, 2012.

Seliger, Martin: *Ideology and Politics,* Free Press, New York, 1976.

Seliger, Martin: *The liberal politics of John Locke,* Allen & Unwin, London, 1968.

Shachar, Ayelet: *Multicultural Jurisdictions: Cultural Differences and Women's Rights,* Cambridge University Press, Cambridge, 2001.

Shils, Edward: *Tradition,* University Of Chicago Press, Chicago, 2006.

Слотердајк, Петер: *Доаѓање на свет - доаѓање до збор,* Темплум, Скопје, 2006.

Sloterdijk, Peter: *Critique of Cynical Reason,* University of Minnesota Press, Minneapolis, 1988.

Смит, Адам: *Богатството на народите,* Штрк, Скопје, 1997.

Somerville, John - Ronald Santoni: *Social and Political Philosophy: Readings From Plato to Gandhi,* Anchor Books, Toronto, 1963.

Song, Sarah: *Justice, Gender, and the Politics of Multiculturalism,* Cambridge University Press, Cambridge-New York, 2007.

Šeling, Fridrih Vilhelm: *Filozofska istraživanja o suštini ljudske slobode i o predmetima koji su s tim povezani,* Nova Pazova, Bonart, 2001.

Taggart, Paul A.: *Populism,* Open University Press, Buckingham, 2000.

Taylor, Charles: *The Politics of Recognition;* in: Amy Gutmann (ed.): *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition,* Princeton University Press, Princeton, 1994.

Tocqueville, Alexis de: *Democracy in America,* Penguin Classics, London, 2003.

Tönnies, Ferdinand: *Community and society,* Dover Publications, New York, 2002.

Urbinati, Nadia: *From the Athenian Polis to Representative Government,* University of Chicago Press, Chicago, 2002.

Urbinati, Nadia: *Representative Democracy: Principles and Genealogy,* University of Chicago Press, Chicago, 2008.

Vulstonkraft, Meri: *Odbrana prava žene,* Filip Višnjić, Beograd, 1994.

Walzer, Michael: *Spheres of Justice: A Defense of Pluralism and Equality,* Basic Books, New York, 1984.

Waldron, Jeremy: *Minority Cultures and the Cosmopolitan Alternative;* in Will Kymlicka (ed.): *The Rights of Minority Cultures,* Oxford University Press, Oxford, 1995.

Waldron, Jeremy: *The Harm in Hate Speech,* Harvard University Press, Cambridge, 2012.

Wolff, Jonathan: *An Introduction to Political Philosophy,* Oxford University Press, Oxford, 2006.

Young, Iris Marion: *Inclusion and Democracy,* Oxford University Press, New York, 2000.

Young, Iris Marion: *Justice and the Politics of Difference,* Princeton University Press, Princeton, 1990.